**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
**од Деведесет и првата седница на Собранието Република Македонија,**
**одржана на 20 мај 1998 година**

**Скопје, мај 1998 година**

**ДЕВЕДЕСЕТ И ПРВА (91) СЕДНИЦА,**
**одржана на 20.05.1998 год.**

**Дискутанти:**

1. ВИДМЧЕ КИРЕ 22;
2. ГОШЕВ ТУШЕ 15, 76, 93;
3. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН 5, 7, 8;
4. ДИМОВ ЛАЗАР 44, 63, 72, 73;
5. ДОКУЗОВСКИ КИРО (Мин. за земјод.) 6, 18;
6. ЗИБЕРИ НАСЕР (Мин. за труд и соц.) 10, 12, 13, 23, 24, 27;
7. ИВАНОВ ЉУБИСАВ 20;
8. МИНОВ ПАНЧО 20, 73;
9. МЕШКОВ ЉУПЧО 55;
10. НАЈОВСКИ СЛОБОДАН 23, 24, 65, 67, 69;
11. НАУМОВСКИ ВЛАДИМИР
12. НАУМОВСКИ ВАНЕ 48, 59, 78;
13. ПЕТКОВСКИ ТИТО (води седн.) 1;
14. ПОПОВСКИ НИКОЛА 57, 59, 78;
15. ПОПОВИЌ ДРАГОЉУБ 70;
16. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 9, 11, 13, 14;
17. СИМЈАНОВСКИ НАУМ 40, 54, 60, 62, 81;
18. ТАНТАРОВ ВЕЉО 16, 17, 19;

**Дневен ред:**

Т.1 (Пред. за донес. на Зак. за основ. на Македонска банка за поддршка на развојот, со Пред. на закон и овој закон е изменет) – стр. 28

Дневниот ред се наоѓа на страна 4.
Редоследот на точките од дневниот ред се изменети на стр. 27.

Седницата продолжува.....

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Деведесет и првата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 20 мај 1998 година**

Седницата се одржа во Собранието на РМ, сала I, со почеток во 12,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-динот Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам 91-та седница на Собранието на РМ.

Пратениците Ѓорѓи Атанасов, Маљичи Назми, Слободан Богдановски и Зоран Шапуриќ, Јане Ангеловски, Диме Настоски, Љубомир Поповски, Драган Митевски, Нано Ружин, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствцуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Собранието на РМ и претседателот и членовите на Владата на РМ и претседателот на Републичкиот судски совет.

Записниците од 88-та и 89-та седница на Собранието ви се доставени.

Дали има забелешки на записниците. (Нема).

Констатирам дека записниците од 88-та и 89-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Владата на РМ го повлече Предлогот за донесување на Закон за основање на македонска банка за поддршка на развојот.

Владата на РМ достави Предлог за донесување на Закон за основаше на македонска банка за подршка на развојот, со предлог на закон и согласно член 339 од Деловникот на Собранието предлагам Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

57 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржан? (Нема).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на нотарски работи, со Предлог на закон Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (56 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржан? (Нема).

Констатирам пека предлогот е усвоен.

Законодавно - правната комисија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Барање за давање на автентично толкување на член 9 од Законот за трговија, поднесено од приватното трговско претпријатие "Астра - Комерц" - Неготино.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (58 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржан? (Нема).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Назми Маљичи го повлече од оваа седница Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за одбрана.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлози на одлуки за избори на членови на управните одбори на јавните здравствени организации: Здравствен дом Вевчани и Природното лекувалиште "Бања Банско" – Струмица и со Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Пехчево.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (59 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали има некој воздржан? (Нема).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на Закон за заштита и предучилишно воспитание на децата;
2. Предлог на Закон за земјоделско земјиште;
3. Предлог на Закон за заштита на растенијата;
4. Предлог за донесување на Закон за основање на Македонска банка за поддршка на развојот, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на нотарските работи, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на Закон за ратификација на амандманите кон Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја оштетуваат озонската обвивка од 16 септември 1987 година, донесени во Лондон 1990 година и во Копенхаген 1992 година, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на Закон за инвестициони фондови;

8. Предлог за донесување на Закон за одржување на јавната чистота и собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот цврст и технолошки отпад;

9. Предлог за донесување на закон за отпад;

10. Предлог за донесување на Закон за минерални суровини;

11. Барање за давање на автентично толкување на член 9 од Законот за трговија, поднесено од приватното трговско претпријатие "Астра - Комерц" - Неготино;

12. Предлог за избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија;

13. Предлог за разрешување на јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Куманово;

14. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Вевчани;

15. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Природно лекувалиште "Бања - Банско" - Струмица;

16. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Пехчево.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред?

Има збор господинот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри. На претпоследната седница барав информација за состојбите за водоснабдување на системот "Брегалница 3, 4 и 5". На зборот на министерот дека водата ќе се пушти уште наредниот ден и дека на првата наредна седница информација, но до ден денеска немаме информација, до ден денеска водата во системот 3, 4 и 5 не тече во Овчеполието, штетите се огромни и ако минатите години немавме вода во Езерото, сега има вода, водата не тече. Онаа теорија дека водата треба да се плаќа, сигурно се согласувам и јас што го кажаа и министерот, но едно да се договориме веќе 60 дена водата не тече во системот 3, 4 и 5 на Брегалница, штетите се огромни и не знам кој ќе ги сноси штетите, знаеме дека растенијата не можат да вегетираат, времето си одминува, еве веќе сме шести месец, па би го замолил министерот да одговори на ова прашање затоа што многуте земјоделци се незадоволни, не знаат што да прават, бараат да слушнат директно од министерот. Ако немаме информација пишана, може да се провлече и следната недела, тука е министерот за земјоделие да даде одговор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, претставникот на Владата, господинот Докузовски, министер за земјоделие, шумарство и водостопанство.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Прво, јас ветив дека ќе дадам информација на господинот Каров, тој ја доби информацијата, беше конкретно адресирана за потрошувачите на Кочанско - Брегалничкиот систем за наводнување. Во неа е кажано, а овде ќе повторам, дека останува определбата, бидејќи Законот е скоро донесен и јасен, дека за неплатена услуга нема услуга.

На разговорот во Кочани беше констатирано дека во регионот на Брегалничкиот систем нееднакво е однесувањето на водокорисниците во однос на плаќањето и зависно кој каде како извршил свое влијание да ги убедува дека водата не треба да се плаќа таква е и постапката на претпријатијата во однос на плаќањето. Точно е тоа дека во делот на делницата 3, 4 и 5 вода нема, затоа што плаќањето во овој дел е најмногу 3%. Со 3% платена вода за изминатите години нема кој да ја изврши таа услуга.

Меѓутоа, се прават напори сепак да се собере водениот надоместок и ако се собере ќе биде наплата до 50% може водата да се пушти и во овој дел на Овчеполието. Меѓутоа, ќе потврдам дека мора уште на стартот да сфатиме дека водата е услуга како и сите други и мора да се плати. Ништо не сме направиле ако уште на стартот отвориме процес уште годинава да не се плаќа водата, па потоа по изборите пак да не се плаќа, а претпријатијата да пропаѓаат.

Да завршам, вода ќе има таму и има таму каде се плаќа, ветувањата на земјоделците во Кочани, јас бев таму, се на високо ниво, таму има вода во најголем дел, а ќе нема таму каде водата нема да се плаќа.

За Овче Поле се прават напори да се согледа, бидејќи е комплицирано, бидејќи има претпријатија кои платиле и ако пуштите вода, тогаш се јавува проблемот на некористење на водата во делот на системот каде што навистина не се плаќа. Како ќе се совлада ова прашање

јас не можам денеска да ветам на оваа седница, меѓутоа активностите на терен се во тек и можат овој проблем да го совладаат.

Меѓутоа, останува општата констатација и заклучок дека водата мора да се плаќа и други алтернативи во случајот нема. Во цела Македонија вакви проблеми нема, секако некое село има, меѓутоа, генерално земено проблемот е совладан и сфаќањето е се поприсутно дека водата треба да се плаќа. Но, еве должам на пратениците да се ангажирам и да видам што е во дадениот случај.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Даневски дали сте задоволен од одговорот?

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Некој дофрли дека се пратенички прашања, не се ова пратенички прашања, затоа што точно е дека вода нема, времето одминува, а кој ќе ги надокнади штетите ни самиот министер не кажа.

Точно е тоа дека воден надоместок плаќаат во системот 3, 4 и 5, тоа што дел од општествените претпријатија дел од ЗИК "Овче Поле" отидоа под стечај, тоа е друго прашање. Ако донесовме вода министерот требаше да даде наредба водата да се пушти. Постои механизам, постои суд и така ќе се наплаќа. Ако во изминатите 10 години, а добро ја познаваме проблематиката, во овие 10 години најредовни платежи биле корисниците на системот "Овче Поле" 3, 4 и 5 секогаш биле бенефицирани корисниците во Кочани...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Даневски, се извинувам што ве прекинувам расправаме дали точката да се вклучи во дневниот ред, а материјална дебата ќе водиме ако се случи точката.

Според тоа, дали се согласувате со одговорот на министерот....

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Видете претседателе, како што ни одат работите оваа точка ќе се вклучи за јануари кога ќе заврши летото, да, да, така ни одат сите работи, мора да укажеме дека водата треба да се пушти. Министерот го има тоа право со новиот Закон за води, да нареди да се пушти, а потоа да се водат сите работи, постои суд, постои регулатива во оваа држава, оваа држава е правна држава и треба да се искористат сите мерки во согласност со институциите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, дали вашиот предлог за вклучување на оваа точка во дневниот ред да го ставам на гласање, или го повлекувате предлогот.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Не го повлекувам, да се пушти водата, воопшто не значи дали ќе се гласа во Парламентот, на земјоделците воопшто не им е битно дали ќе се гласа, знаеме дека СДС нема да гласа, знаеме каков е распоредот на снагите, да се пушти водата тоа е мојата препорака.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, но Парламентот не може да одлучи дали ќе врне, дали ќе има дожд, меѓутоа за ова може да одлучи.

Според тоа, не ве разбрав, дали инсистирате да се гласа! Да.

Молам, кој е за предлогот на господинот Даневски, да крене рака? (18 пратеници).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, министри, колеги пратеници, бидејќи оваа седница има пообилен дневен ред, предлагам претставник на Владата во текот на седницата да подготви усна информација за експлозијата пред два дена во Тетово, пошироко да не информира и за се она што значи една огромна вознемиреност на граѓаните, која е протолкувана на следниот начин.

Долго време локалната самоуправа во Гостивар не функционира, градоначалникот и претседателот на Советот не се на своите функции, Владата не именува, согласно Законот за локална самоуправа, свој повереник, практично овој град е без градска власт. Слична состојба е и во Тетово каде што градоначалникот има судска пресуда, пасошот не му е одземен и овој градоначалник најчесто се наоѓа во првите редови на митинзите и во странство, моментално е на службено патување од 20 дена во Франција. Преовладува мислењето дека во овие два града владее една правна празнина, владее еден законодавен вакум и мислам дека една информација од претставник на Владата како посебна точка на овој дневен ред, мислам дека би била корисна за да вознемиреноста на граѓаните биде смирена или да се изнесат кои потези мисли да ги преземе Владата, во однос на она што значи функционирање на локална самоуправа, согласно Законот за локална самоуправа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, претставник на Владата да се произнесе по овој предлог.

Има збор господин Зибери, потпретседател на Владата.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Беа поставени две прашања.

По однос на првото, уште нема доволен доказен материјал, истрагата е отпочната, таа е во тек, кога ќе има потребен материјал, може писмено пратеникот да биде информиран.

Што се однесува до второто прашање, согласно Законот за локална самоуправа, градоначалникот на град Тетово и градоначалникот на Гостивар немаат поднесено оставка, односно согласно Законот за локална самоуправа откако ќе се констатира престанокот на функцијата градоначалник, Советот на општината именува вршител на должноста до денот на распишување на нови избори.

Согласно тоа, Владата нема никакви ингеренции и надлежности во тој дел.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Еве јас ќе ги систематизирам моите барања во онаква форма каква што ми помогна потпретседателот. Мислам дека истрагата сигурно дека е во тек, затоа нагласив дека оваа седница веројатно ќе потрае, нема потреба јас писмено да бидам информиран, јавноста бара информација, затоа што е вознемирена и мислам дека ќе биде и коректно и конструктивно решение ако Владата земе обврска на крајот од оваа седница, било каква информација ни приложи, се разбира, ако има нови ќе биде повторено. Тоа е по однос на првото прашање и нема потреба од некое посебно надмудрување.

По однос на второто прашање, господине потпретседател, градоначалникот на Гостивар е таму каде што е, спрема Законот за локална самоуправа неговата функција е завршена, таксативно се набројани условите во кои престанува функцијата градоначалник и веднаш тоа право го има Владата како обврска во членовите 46 и 48 да именува свој повереник, па потоа распишува избори во рок од два месеци. Не се работи за предвремени избори, туку се работи дека во Гостивар градоначалник нема, а Владата е единствена и компетентна и обврзна да именува свој повереник. Еден, два, три, не е назначено. Тетово е друга состојба, заслужува внимание, сигурно дека во Тетово правосилноста на пресудата не е, но тоа не значи дека во Тетово исто така треба да владее правен хаос и треба да владее вакум, за кој портпаролот најчесто ќе се изјаснува цинично дека не е тоа компетенција на Владата. Точно стои дека Владата именува повереници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, останувате на предлогот да се гласа по вашиот предлог за продолжување на дневниот ред?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас очекувам дека потпретседателот ќе го прифати првото дека на крајот на седницата ќе не информира усно како претставник на Владата, макар со најскудни податоци, ако истрагата нема некои нови сознанија, веруваме дека можеби ќе ги има, да бидеме оптимисти и тука не е проблематично, а во однос на второто исто така сметам дека Владата треба да прифати една таква усна информација, ако не повеќе барем Владата ќе има време да го проучи ангажирано Законот за локална самоуправа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Зибери, потпретседател на Владата.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас реков дека за првото прашање јавноста е информирана за случајот и надвор од тие информации сеуште надлежното министерство не располага со нови податоци за да може да ја извести јавноста. Должност е на Министерството за внатрешни работи откако ќе има нови сознанија како и за сите други случаи јавноста пак да ја информира, а не само Собранието. Таа работа е сосема јасна. Ако пратеникот инсистира да добие посебна информација, реков дека таа може да ја добие откако ресорното министерство ќе ги има податоците и тоа дури писмено да го има.

Што се однесува до второто прашање, јас реков дека сеуште Владата нема констатирано престанок на функцијата градоначалник на Гостивар, за да може во исто време да го извести Собранието за истата и Собранието да распише нови избори.

Што се однесува до повереникот на Владата јас реков дека согласно Законот за локалната самоуправа, иста надлежност има и Советот на општината и тие или ја имаат направено, тоа е нивна надлежност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Стојановски.

Дури да се договориме за дневниот ред, вие ја исцрпивте дискусијата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

По однос на првото тетовската јавност беше информирана вечерта, затоа што беше возбудена со експлозијата во 22,25 часот. Јавноста е информирана вечерта со самиот чин на експлозијата, вознемиреноста и возбуда. Сега бараме во текот на истрагата ако се дојде до нови сознанија тие да ни бидат достапни и како пратеници и на пошироката јавност без да инсистирам реков сосема навистина коректно. Ништо нема да кошта, бидејќи најверојатно оваа седница вечерва нема да заврши, на крајот од седницата господине пратениче нема нови сознанија, нема информација, благодарам, има нови сознанија тоа се тие. Мислам дека не треба да гласаме, Владата треба да прифати еден ваков компромис.

По однос на второто господине потпретседател, не смее Гостивар да биде без градоначалник, затоа што не се бара оставка на тој градоначалник. На тој градоначалник му е престаната функцијата спрема казната која му е одредена - затвор. Владата треба веднаш да именува повереник, а потоа следат сите оние активности за распишување на избори кога, како и што.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Навистина им се извинувам на пратениците, еве законот дословно да го читам за да се увери пратеникот дека не е така. Член 48 вели: "На градоначалникот му престанува мандатот по сила на закон ако поднесе оставка, во случај на смрт, ако поради боледување подолго од една година не може да ја извршува функцијата, како и кога е осуден со правосилна пресуда за кривично дело на казна затвор над шест месеци" и после вика: "Владата на Република Македонија за престанувањето, односно одземањето на мандатот на градоначалникот поради настапување на еден од условите утврдени погоре, односно во ставот 1 и 3 од членот, го известува Собранието на Република Македонија заради распишување на нови избори за градоначалник". Никаква друга надлежност.

(Пратеникот Томислав Стојановски од место).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлогот е јасен, немојте да се надмудрувате ве молам.

(Пратеникот го бара примерокот од Законот за локална самоуправа да го прочита на говорница).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во членот 46 точно е ставено "за време на спреченост или отсуство или губење на функцијата Владата именува повереник... и доколку градоначалникот го откаже вршењето на работите Владата ќе именува свој повереник за вршење на работите на градоначалник".

Спрема тоа, неспорно е именување на повереник, а потоа се сите овие работи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Стојановски, ве молам, јас предлагам сепак овие предлози да не ги гласаме, да не го ставам вашиот предлог на произнесување на Собранието, затоа што е неизвесно, седницата може и денеска да заврши, а можеби и утре, а официјална информација од МВР за експлозијата во Тетово имавме, тоа беше презентирано на јавноста. Според тоа, да бараме од Владата посебна информација, не знам што додатно можат да ни кажат ако истрагата е во тек.

По однос на второто прашање така стојат работите, така е според Законот, Владата треба да си направи она што е во нејзина надлежност и дали да инсистирате и натаму на вклучување на таква точка на дневниот ред на Собранието.

За целесообразноста говорам, дали да гласаме за вашите предлози.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

(Од место). Да се постапи по законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, благодарам.

Еве г-динот Стојановски предлага да се постапи по Законот, во однос на вториот предлог.

Одиме понатаму. Дали некој друг сака да предложи?

Има збор г-динот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, колку што имавме прилика да слушнеме дека на дневен ред како точка пет ќе биде Предлогот за донесување на закон за измена и дополнување на Законот за вршење на нотарските работи, па со оглед на тоа дека ЗПК немаше прилика да го погледне законот, иако согласно членот 316 од Деловникот за работа на Собранието, Собранието треба да оцени за постапката, а веќе Собранието гласаше, но со оглед на фактот дека предложениот закон брои 63 члена и е употребена техника на компилација или укинување на еден поголем број на законски одредби поврзани со вонпроцесните постапки, за успешно вршење на работите на Законот за нотарски работи, му

предлагам на Собранието, наместо точка 5 овој Закон да биде во претпоследните точки од дневниот ред, за да и овозможи на ЗПК сепак да ги погледне сите членови за да не настанат некои непотребни грешки во врска со укинувањето на поголем број членови во сите закони кои ја уредуваат вонпроцесната постапка.

Јас предлагам Собранието да го измени редоследот, наместо петта точка, овој Закон да биде во претпоследните точки на Собранието, за да ни овозможи да ја направиме и таа проверка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас предлагам по овој предлог да не се гласа.

Мислам дека е рационално, со оглед на бројот на членовите што ги содржи овој предлог за изменување и дополнување на законот, според тоа, мислам дека нема да имате ништо против како пратеници да дадете можност ЗПК да се произнесе.

Има збор г-динот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, пред три недели во името на битолските земјоделци и јас го поставив прашањето Владата на РМ да подготви информација за состојбите со наводнувањето на земјоделските површини во битолскиот дел на Пелагонија, што ги опслужува системот "Стрежево". Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, г-динот Киро Докузовски, денес одговори какви се состојбите и што се се презема на овој план во Овче Поле, односно во реонот каде што се користат водите од системот "Брегалница". Веднаш да кажам дека со Одлука на системот "Стрежево" четири села од битолскиот дел на Пелагонија, станува збор за селата Могила, Црнобуки, потоа Карамани и Кукуречани се исклучени од системот за наводнување. Во атарите на овие села треба да се наводнуваат околу 3 илјади хектари. Сега овие површини се оставени да висат и на небо и на земја, да чекаат дожд од Господ, од небото. Ако се знае податокот дека во системот "Стрежево" се напуштени околу 2,5 илјади хектари површини, што не се ни ораат ни сеат и сега, ако не се пушти вода за овие 3 илјади хектари на четирите села, работата во системот "Стрежево", во рамките на приватното земјоделство, е под знак на големо прашање.

Би го замолил министерот денес да се произнесе што ќе биде со наплатата за доведена вода во овие четири села, во кои системот "Стрежево" не склучува договори за наводнување додека не се платат долговите што се направени пред три години, а за кои земјоделците не се виновни што не се платени, бидејќи имавме независно судство и преку суд можеа да се извршат такви наплати.

Се надевам дека министерот ќе даде подобро образложение, или и понатаму ќе чекаме дожд од небото за да се ублажат последиците од сушата што ја има во Пелагонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Тантаров, јас Ве молам да се произнесете дали предлагате дополнување на дневниот ред, а ако барате одговор на ова прашање, на крајот на седницата ќе има пратенички прашања, па можете тогаш да го поставите како пратеничко прашање.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Ако министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, даде исцрпен одговор, не барам да се постави на дневен ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, но знаете, деловнички мораме да бидеме прецизни, или бараме информација во дневниот ред или пратеничко прашање.

Ако е пратеничко прашање, јас ве информирам дека на крајот на седницата ќе имате можност да поставувате прашања.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

(Од место).Барам информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ако е информација, молам министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Не знам дали сте во состојба како Парламент за секое село да расправате какви проблеми има. Јас само укажувам дека во Македонија, ако го земеме системот " Стрежево", наводнува 28 илјади хектари површина. Од тие 28 илјади хектари површина, рековме 3 илјади не се наводнуваат таму каде што не се плаќа. ќе потсетам, кога го донесувавме Законот некои пратеници јасно кажаа дека ќе ги повикаат земјоделците да не плаќаат. Така што кажаа и што така настапуваат на терен, таму се проблемите, да си ги решаваат таму каде што се проблемите.

Ние не можеме Македонија да ја претвориме во држава во која ќе владее беззаконие. Законот го донесовме овде, Вие го донесовте, имавте амандмани, некои прифативме, некои не.

Оттаму, не можеме сега да ги ставиме во нерамноправна положба во Кочани оние што платиле 65% воден надоместок, а други што не плаќаат сега да бидат привилегирани. Или сега во Битола, три илјади не платиле, другите плаќаат надоместок, па ајде сега да ги ставиме во рамноправна положба.

Според тоа, проблеми има, но Парламентот не треба, по мое мислење и нема време да се бави со проблемот како некое село ќе го решава прашањето со водата. Законот го решил принципиелно за цела држава, со еднаквост на граѓаните, а еднаквост подразбира дека сите кои плаќаат ќе ги добијат услугите. Тие што не плаќаат не. Упатувањето на граѓаните на суд и давање на поуки мислам дека не е решение. Треба да создаваме друга клима, да ги решаваме проблемите со послушност и со примена на законите кои ги донесувате вие. Да Ве потсетам, денес имавме два закони и уште еден ќе донесеме, во аграрот донесовме 9 закони за изминатите 9 месеци. Не ги донесуваме за да ги заведуваме селаните, ги носиме за да сватат една сигурност дека во оваа држава ќе владее правото и редот и пазарните односи, за да живеат спокојно и да работат. За тие што се нечесни и што мислат да живеат од друго, мислам дека и не треба да губиме многу време како Парламент и ние како државни органи се справуваме со тоа. Упатувањето на граѓаните на судови, мислам дека не е коректно ниту кон нив, а тие чесните знаат дека тоа не е така.

Еве, само толку сакам да кажам, сметам дека не треба да правиме информација за едно или две села во Македонија. Во основа проблемот е решен и законски, среќа е што имаме вода и имаме услови. Подобро е да упатиме апел земјоделците да си ги платат долговите, а не да ги упатуваме на судовите да ги решаваат споровите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Тантаров дали е задоволен од одговорот?

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Имајќи ја предвид сериозноста со наводнувањето во Пелагонија, јас сметам дека сепак Владата на РМ мора да подготви информација, како тоа се изведува и какви последици ќе има затворањето на вентилите за овие 4 села. Веднаш да кажам дека во системот "Стрежево" се наводнуваат околу 8 илјади хектари приватни површини, што се сопственост на околу 7 илјади земјоделци од 36 Битолски села. Веднаш да кажам дека овие земјоделци 7 година плаќаат самопридонес за изградба на овој хидро објект. Битолските селани се единствени селани што плаќаа за изградба на системот "Стрежево".

Мислам дека Владата може да го разгледа прашањето дали долгот што за овие 3 години е направен спрема "Стрежево" може да се пребие со она што се плаќаше 7 години на катастарскиот приход. Инаку, водата мора да се пушти. Затворањето на вентилите ќе носи штета и за земјоделците и за нашава држава, која се помалку има храна.

Значи, барам за наредна седница да се подготви ваква информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро. Г-дин Иванов, деловничка интервенција.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Станав да укажам, поради авторитетот и угледот на ова Собрание и неговиот дигнитет, дека треба да се придржуваме кон Деловникот на Собранието, секој пратеник може да побара дневниот ред да се дополни и да образложи, зошто тоа го бара.

Меѓутоа, ние се претворивме во материјална расправа, мислам дека тоа не е во ред и во тој поглед треба така да се однесуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Мислам дека нема причина да не ја уважиме оваа интервенција на господинот Иванов.

Г-динот Минов има исто така деловничка интервенција.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Мојата деловничка интервенција се состои во следното:

Прво, за поздравување е што информира со најава претседателот дека на крајот од оваа седница ќе има пратенички прашања. Не се согласувам, ни со последниот дискутант, ни со квалификациите од претходните дискутанти, а најмалку со министерот кој кажа дека Парламентот се претвора во некоја селска дебата. Сите прашања и од господинот Тантаров и од господинот Даневски фактички се спроведување на Законот за води и во делот на цената на утврдување на воден надоместок и во делот на онаа најлоша мерка што ја предвидовме во Законот, пресечување на водата за наводнување, фактички секој пратеник во функција на надзор на спроведувањето во конкретниот случај на Законот за води, има право целосно да побара информација за тоа спроведување.

Надоврзувајќи се на барањето за информација, ете и со најавата за пратенички прашања и сите овие проблеми кои ги има и во Тиквешието со наводнувањето, со таа несреќа, со можноста за прекинување на водата од страна на давателите на услуга, а проблемот не е непознат. Тие не се нечесни луѓе односно земјоделци, господине министер, туку превисока им е

цената на водниот надомест. 85% од водниот надомест е постојан дел, а тој постојан дел со новиот закон го намаливме на 10%. Тука треба Вие како министерство и како Влада да интервенирате. Не се работи за нечесност, туку поради проблемите на пазарот, неможност да се плати така висок износ на воден надомест.

Се согласувам ова да влезе во она прашање, што значи пратенички прашања, а и како информација да се подготви, бидејќи проблемот е многу актуелен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам. Господин Видимче има збор.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Господине претседателе, колеги пратеници, јас би предложил Владата за оваа седница, некаде при крајот на седницата да подготви информација за задолженоста на Република Македонија, што значи таа, колкава е таа, како пристасува со нови долгови, која е динамиката на задолжување и дали во сето тоа има замислено и извори на средства како ќе се раздолжуваме. Да бидам искрен, повеќе од една година чекам одговор од Владата на таа тема. Одговорот го нема. Јас предлагам Владата да изготви информација и таа да биде составен дел на оваа седница и по таа информација да расправаме.

Второ, бидејќи и јас сакав да спомнам за пратеничките прашања, а господинот претседател веќе тоа го направи, предлагам пратеничките прашања во принцип да не бидат на крај на седницата, затоа што крајот на седницата не се знае кога ќе биде, односно нема да се знае кога ќе бидат пратеничките прашања, како што беше случај последниот пат кога закажавме седница за пратенички прашања, закажавме некаде пред Нова Година, ги завршивме некаде во април месец.

Затоа, предлагам пратеничките прашања да бидат со точно определен термин. На пример, да речеме 25 мај во толку часот, бидејќи навистина на овој начин се пролонгираат во недоглед и на крајот кога ќе дојде време да расправаме или пратеници или министри ќе нема.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, еве во однос на првиот предлог, господинот Зибери како потпретседател на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мислам дека пратеникот имаше прилика кога се расправаше за Годишниот извештај на Банката, тука беше присутен гувернерот и одговор на ова прашање можеше да добие.

Меѓутоа, прифаќаме да изготвиме информација, само не за оваа седница.

А прифаќаме да изготвиме информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, за наредната седница.

Во однос на второто прашање јас предлагам предлогот на господинот Видимче да го прифатиме, не на крајот на седницата туку еве јас да искоординирам со Владата кога ќе биде најголемиот број министри во состојба да бидат тука присутни во земјата, за да има цел поставувањето на пратеничките прашања.

Значи, не на крајот на оваа седница, туку ќе договориме во текот на идната недела посебен ден.

Господин Најдовски има збор.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседател, дами и господа, последниов одговор на потпретседателот на Владата на РМ, господинот Зибери, така ме иницираше да се јавам за збор, бидејќи рече дека на наредната седница Владата ќе изготви и на Собранието ќе му предложи информација во однос на она што го бараше господинот Видимче. На седницава која што денес ја завршивме, на почетокот на седницата побарав една информација во врска со спроведувањето на стечајната постапка во Штедилницата ТАТ во Битола и во однос на трите различни извештаи кои се дадени, односно изнесени во јавноста. Тогаш претставникот на Владата одговори како што денес одговори потпретседателот на Владата на РМ и јас го прифатив дека во еден ден навистина понекогаш некои информации не можат да се изготват и претставникот на Владата на РМ замоли, за наредната седница, да се согласам да ја изготват таа информација и дека ќе предложи да биде составен дел на дневниот ред на денешната седница.

Нормално, ја очекував на денешнава седница таа информација, бидејќи Владата ако си држи до своето достоинство, бидејќи вети да биде на денешнава седница, очекував да биде на денешнава седница. Не знам сега дали повторно да предлагам дополнување на дневниот ред или Владата ќе излезе со некој нов предлог.

Затоа, предлагам сепак како посебна точка на дневниот ред, она што Владата го прифати на последната седница на Собранието, да имаме информација за спроведување на стечајната постапка во Штедилницата ТАТ, во прилог на неа и трите извештаи од Народната банка, Заводот за вештачење и од стечајниот управник на Штедилницата ТАТ во Битола.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Зибери, потпретседател на Владата.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Точно дека Владата прифати обврска да изготви информација за текот на стечајната постапка во Штедилницата ТАТ. Но, точно е тоа дека не беше уврстена како точка за расправа при Собранието, за што беше и гласано и точката не се уврсти.

Информацијата се изготвува и за ден, два ќе ја добиете, меѓутоа не како точка по која ќе се води расправа и истиот одговор беше и во однос на барањето на пратеникот Видимче дека како информација ја прифаќаме, но не како точка која ќе се уврсти на дневен ред или како што беше побарано дури за денешнава седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, во секој случај, Ве молам, деловнички пратеникот има право да бара информација, Владата има обврска да подготви и достави таква информација, а Собранието ќе одлучи по предлог на пратеникот дали ќе расправа или нема да расправа Собранието.

Г-дин Најдовски има збор.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Ништо повеќе, само чисто за информирање на јавноста, г-динот потпретседател на Владата не беше присутен на таа седница и незнам, затоа можеме да видиме точно во стенограмите како стои.

Прво, не се гласаше дали информацијата да биде точка на дневен ред, бидејќи по предлог на претставникот на Владата јас се согласив да биде на наредна седница. Така што воопшто не се гласаше дали ќе биде точка на дневен ред или не.

А второ, е прашањето и со тоа се согласувам потполно што претседателот на Собранието вели дали Собранието ќе одлучи да биде точка на дневен ред или не. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да го ставам вашиот предлог на произнесување на Собранието за уврстување во дневниот ред.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Многу е лошо човек да се согласи да има гласање кога однапред знаете каков ќе биде исходот на гласањето.

Се согласувам со предлогот на потпретседателот на Владата прво да стигне информацијата, па после тоа да гласаме дали да биде како точка на дневен ред, бидејќи тој вети дека во рок од 2 - 3 денови дека ќе имаме информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ви благодарам. Дали уште некој има предлог за изменување на дневниот ред?

Има збор г-динот Насер Зибери, министер за труд.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Г-дине претседателе, пред да го утврдите дневниот ред Владата бара само измена на редоследот на точките на дневниот ред, заради објективни причини.

Молбата е Собранието да прифати како прва или втора точка на дневниот ред да се стават Предлогот за донесување на Закон за основање на банка за поддршка на развојот и како втора точка Предлогот за донесување на Закон за инвестициони фондови, од причини што изготвувачот на законот, предлагачот на законот ќе биде отсутен, од утре ќе биде на службен пат.

Втората измена е, бараме точките 8 и 9 само да ги изместат местата. Точката 9 да биде 8, а точката 8 да биде точка 9, од причини што Предлогот за донесување на Закон за отпад, доколку претрпи измени соодветно ќе се рефлектира во другиот закон, што би се усвоил пред тоа.

Од тие причини, значи бараме точка 1 да биде Предлог за донесување на Закон за основање на Македонска банка за поддршка на развојот, точка 2 да биде предлог за донесување на Закон за инвестициони фондови, точката 8 да биде точка 9, а точката 9 да биде точка 8.

Другите точки да бидат така како што ги прочитавте.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагам овие сугестии од Владата да ги прифатиме.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (60 пратеници).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на точката 1 - Предлог за донесување на Закон за основање на Македонска банка за поддршка на развојот, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Каде е сега претставникот на Владата по оваа точка?

Молам, нека влезе во салата.

Му давам збор на г-динот Владимир Наумовски, министер без ресор.

**ВЛАДИМИР НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, дами и господа, процесот на транзиција во Република Македонија се остварува во услови на бројни ограничувања и проблеми кои неповолно се одразуваат во развојот и тоа: ниско ниво на производство и услуги, структурни ригидности, висока невработеност, неликвидност, дефицит во надворешно - трговскиот-промет и др.

Меѓутоа, поаѓајќи од скромните резултати на планот на стабилизација на состојбите во економските текови и реформските зафати, во макро - економската политика за 1997 година беа вградени развојни перформанси. Вакви определби се вградени и во макро - економската политика за 1998 година, со посебен акцент на зголемување на вработеноста, производството и извозот на стоки и услуги.

Во вакви услови продолжува спроведувањето на стабилизационата макро - економска политика, што резултира со континуиран благ раст на производството и одржување на стапка на инфлација како во земјите со развиено пазарно стопанство. Поволниот тренд кај производството, главно е присутен кај индустриското производство, земјоделството и трговијата. Заслужува да се одбележи дека кај индустриското производство, почнувајќи од крајот на 1995 година, се бележи раст на производството.

Меѓутоа, процесот на ревитализација и модернизација на производните капацитети е забавено, главно заради присутната неликвидност на стопанските субјекти, заради застареноста на опремата и ниското ниво на користење на капацитетите. Ваквата состојба меѓу другото услови извозот да не се остварува со предвидениот интензитет, а при либерален увоз, уследи висок трговски дефицит. Недоволниот раст на извозот беше последица на ниската конкурентска моќ на претпријатијата, слабата организираност за настап на странските пазари и отсуство на маркетиншки пристап во работењето. Структурата на извозот на стоки укажува дека над 50% од остварениот извоз се производи за репродукција, односно суровини и репроматеријали.

Со цел да се ублажат состојбите во стопанството, една од повеќето мерки што се преземаат е и ефектуирањето на Законот за зголемување на вработувањето, што веќе даде позитивни ефекти. За надминување на неповолните состојби во стопанството, а преку тоа и во сите сфери на општественото живеење, неопходно е покренување на инвестиционата активност што ќе доведе до зголемување на вработеноста, бруто домашниот производ, намалување на трговскиот дефицит и ублажување на социјалните тензии во земјата..

Во функција на поголемо привлекување на странските инвестиции, во подготовка е "Водич за инвестирање во Република Македонија", а истовремено донесена е Одлука за формирање на Агенција за промоција на инвестициите.

Имајќи го предвид брзиот раст на бројот на малите и средни претпријатија, како клучен елемент во процесот на преструктуирањето утврдена е Стратегија за развој на мали и средни претпријатија. Со неа се дефинираат приоритетите, мерките и инструментите за нивна поддршка, пред се на извозно ориентираните капацитети, кои преку воведување на нови технологии ќе придонесат во поттикнувањето на вкупното стопанство во земјата. Во функција на институционална поддршка на овие претпријатија, формирана е Национална агенција за промоција на претпријатијата, преку Микро кредитната програма на ФАРЕ. За развој на малите и средни претпријатија, во тек на реализација се кредитни линии од: Европската банка за обнова и развој, Меѓународната банка за обнова и развој, Владата на СР Германија, во вкупен износ од 74 милиони ДЕМ. Заклучно со септември 1997 година, од овие кредити, се повлечени 37,6 милиони ДЕМ од кои се финансираат 187 проекти.

Меѓународната финансиска корпорација на Светската банка учествува во финансирањето на 4 проекти со средства од 11,1 милиони долари или 40% од пресметковната вредност на инвестицијата.

Со Протоколот за финансиска и техничка соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на СР Германија за 1997 година, беше утврдено во рамките на

техничката помош да се поддржи проектот за основање на Банка за поддршка на развојот на мали и средни претпријатија. Во врска со тоа, од германска страна беше обезбедена и непосредна стручна помош од Банката за обнова од Франкфурт (KFW).

При конципирањето на Законот за поддршка на развојот, се поаѓаше од следниве основни претпоставки и цели што треба да се постигнат со овој Закон и тоа:

Во сите конкурентно пазарно развиени економии, евидентно е дека финансискиот сектор се состои само од два типа на институции - централна банка и комерцијални банки (што не овозможува спроведување на сите задачи што се неопходни за целото стопанство). Од оваа причина се воспоставени и се воспоставуваат специјализирани кредитни институции кои се формирани да ги спроведуваат оние функции кои не можат да се спроведат од централната банка и од комерцијалните банки, како што се: поддршката на структурните промени во стопанството; преструктуирањето; модернизацијата и приватизацијата на претпријатијата; промоција на иновациите; финансирање на мерки за борба против невработеноста и главно, финансиска помош за создавање и развој на секторот на мали и средни претпријатија и унапредување на извозот.

Заради специфичноста на банката, како и тоа дека основач со најголем основачки влог (30 милиони ДЕМ) е државата, со посебниот Закон за банката за поддршка на развојот, се уредува нејзиното основање, организирање и работење, при што се имаат предвид и одредбите од Законот за банките и штедилниците, кои се однесуваат на банкарските начела и регулирањето на ризиците од работењето.

Банката за поддршка на развојот се предлага да биде формирана, со цел да ги исполни трите главни функции:

- првата главна функција се состои во финансиска поддршка на целни групи (целни области);
- втората функција се однесува на рефинансирање и гарантирање на користени кредити наменети за извоз преку деловни банки и штедилници; и
- осигурување и реосигурување од комерцијални и некомерцијални ризици на одделни извозни зделки.

Приоритетите во овие области мора да бидат воспоставени во координација со економската политика и во согласност со специфичните состојби во македонското стопанство.

Со цел да се овозможи Банката задоволувачки да ги спроведе функциите утврдени со Законот, треба да се имаат предвид следниве карактеристики:

- главната функција на Банката е да го поддржува економскиот развој и главно да го промовира развојот на малите и средни претпријатија, како и извозот преку кредитирање и осигурување;
- Банката не може да биде институција која ќе се стреми кон зголемување на профитот. Главен акционер се предлага да биде Република Македонија. Банката не може да врши депозитни работи.

Со цел да ја извршува својата развојна функција, промотивната банка има потреба од сопствен промотивен потенцијал кој ќе и овозможи да настапува независно од државата и да ги поддржува целните групи со поволно финансирање, без користење на средства од Буџетот. Овој сопствен промотивен потенцијал во основа треба да биде креиран од:

- основачки капитал;
- камати и премии со кои ќе се настојува да се обезбеди целосно покривање на трошоците во работењето и реинвестирање на остварената добивка, со цел постапно зголемување на капиталот и резервите на Банката; и
- дивидендата која треба да се плати на акционерите исклучувајќи ја државата, да се ограничува на износи кои нема да го загрозуваат одржувањето и зголемувањето на капиталот и резервите. Иако промотивната банка во најголем дел е во сопственост на државата и нејзините цели вклучуваат генерална поддршка на економската политика, многу е важно таа да биде самостојна во одлучувањето. Сите внатрешни одлуки на Банката ќе се засноваат на банкарски критериуми и стандарди.

Со цел да се избегнат нарушувањата во конкуренцијата, промотивната банка ќе настапува на супсидијарен начин, што значи, таа ќе се ангажира само во оние области каде што комерцијалните банки не нудат или неадекватно нудат финансиски услуги. За да се обезбеди ваквата супсидијарност, таа ќе соработува со комерцијалните банки и осигурителните друштва, со јасна поделба на работите и генерално ќе ги насочува кредитите преку комерцијалниот банкарски систем.

Принципот на рефинансирање преку комерцијалните банки на овој начин обезбедува супсидијарност на активата на Банката, но освен тоа, тој би обезбедил и значително намалување на трошоците за сите инволвирани субјекти. Комерцијалните банки ќе ги оценуваат проектите односно ќе ја утврдуваат нивната економска оправданост и ќе го преземаат ризикот од работењето, за што ќе наплатуваат банкарска мрежа од крајните корисници. Банката ќе врши супервизија на проектите претходно оценети и прифатени од комерцијалните банки.

Банката со актите за работење (развојниот план и актот за деловна политика на Банката) ќе ги утврдува кредитните услови и начинот на кој ќе ги покрива нејзините трошоци, проценка и управување со ризикот и ќе овозможува зголемување на постојниот капитал соодветно на обемот на нејзините активности.

Почитувани пратеници, Банката формирана на ваков начин ќе претставува институција во функција на развојните цели на економската и развојната политика и стратегија на Република Македонија врз пазарна основа. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам. Предлагам сепак да направиме пауза до 15 часот, бидејќи ќе има многу амандмани.

Да не се доведеме во ситуација постојано да се викаме од ресторанот.

Таа работа да се заврши до 15 часот и да продолжиме со организирана работа.

Пауза до 15,00 часот.

По паузата седницата продолжи со работа во 15,40 часот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Предлогот за донесување на Закон за основање на Македонска банка за поддршка на развојот, со Предлог на закон.

Го слушнавте уводното излагање на министерот Наумовски.

Дали некој од пратениците бара збор?

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Не ги оправдувам реагирањата на колегите, сакам да кажам чест и должност ми е да дискутирам по една ваква точка, бидејќи долго време немаме присуствувано да не угости Владата да се дискутира за еден закон, кој предвидува развој на оваа држава и токму поради тој развој, за кој лично јас како Наум Симјановски се залагам, а нормално и мојата партија дава посебен акцент на тој развој, како поим, како појава, и нормално за развојот на државата.

Се јавувам за дискусија нормално да подискутираме во општата расправа по овој закон. Нормално како идеја, се надевам и реалност за формирање на една ваква банка, целосно го поддржувам и го оправдувам, бидејќи развојот е онаа потенција која државата мора да ја има. Морам да кажам во изминатите неколку години тоа беше нешто што најмногу и недостигаше на државата и на самите граѓани во неа. Посебно што формирањето на една ваква банка за развој за формирање на мали и поддршка на мали и средни претпријатија, поддршка на извозните претпријатија, поддршка на новите претпријатија, кои ќе бидат извозно ориентирани, би требало да дава еден прав стимул за излезот од оној ќорсокак во кој момент државата се наоѓа, за кој морам да истакнам и да произнесам одредени статистички податоци, за кој пред извесно време имавме малку поголема полемика во оваа зграда со одредени структури кои потенцираат дека тоа не е така, но повторно ќе кажам, само со развојот, со извозот и ги надминеме оние две милијарди и деветсто милиони долари обемна размена, што мислам дека не се доволни за оваа држава и ќе го намалиме, да не речам ќе го анулираме дефицитот од преку 540 милиони долари.

Токму поради овие бројки, давам целосна поддршка на една ваква ориентација за која се одреди министерот, посебно што средствата за проникнување на оваа банка произлегуваат од продажбата на државен капитал, како што се Македонските телекомуникации. Но, токму тука и почнуваат проблемите во однос на овој закон, првенствено од етилогијата на настанокот на овие средства, правната процедура на самата продажба на Телекомот, зошто се одбегнува онаа процедура за продажба на општествениот и државниот капитал, која веќе ја имаме во законска процедура, статусот на Агенцијата за приватизација никаде не е во таа фаза на приватизација на Телеком и ред други работи кои ценам дека треба да се спомнат и нормално граѓаните на оваа држава треба да знаат и треба да се запрашаат, зошто на ваков начин се продава државниот капитал. Но и веќе кога се одлучило да се продава на ваков начин, се поставува сега прашањето, како тој најдобро ќе биде во функција за она за кои се залага

посебно во повеќе одредби во законот, нормално и образложението што го даде ресорниот министер од оваа говорница.

Имено, како што се предлага, мислам на решенијата во членовите од законот се гледа дека, постои расчекор помеѓу Законот за банки и штедилници, кои се во функција и во кои се формираат и функционираат банките во Република Македонија и вториот Закон, Уставот на стопанскиот систем во Република Македонија, тоа е Законот за трговските друштва, каде се дадени уставните норми за формирање и организирање на правните субјекти во Република Македонија. Многу решенија кои се нудат во овој закон не го фаќаат ни едниот ни другиот.

Причината зошто е тоа така, од образложението по овој закон, како и од излагањето на ресорниот министер, навистина не можев лично да го добијам и зошто не можеше да се најде решение за формирање банка, токму во законските решенија од овие два закона. Мислам дека, тие се добри закони и целосно поддржани и препишани, иако е добро и тоа што се препишува од Европското право, посебно германското право, морам да го потенцирам во оваа област е тоа приоритетно и тоа е добра ориентација на оваа држава да се ориентира кон тоа германско, европско право, но зошто оваа форма на развој не е нотирана, а има можности истото да влезе во овие два закона, повторно се поставува знак прашање за одредена, се поставуваат повеќе прашалници, народот се прашува, онаа искрена намера која се произнесува тука, дали ќе има ист завршеток и искрен водотек и искрен крај на целокупноста на овие активности кои ги превзела Владата.

И нормално на крајот редно е, бидејќи ваква меѓу форма се наоѓа за понудувањето на овој закон, за оваа проблематика, редно би било, бидејќи ова е државен капитал на Република Македонија, капитал на сите граѓани, добро би било и највисокиот орган, кој го застапуваат тие граѓани на Република Македонија, т.е. Собранието да биде на одреден начин инволвирано во овој закон, да има одредена контрола, евиденција, како и во самото формирање, нормално и во натамошниот тек на функционирањето на оваа банка. Во предложените решенија таа собраниска функција воопшто ја нема и мислам дека тоа е еден недостаток, кој се надевам преку одредени амандмански решенија, кој ќе се понудат, мислам дека ќе има разбирање од министерот и од Владата и истите ќе бидат прифатени и инкорпорирани во законот и навистина законот ќе ја добие онаа светлина која што треба и заслужува да ја има.

Токму поради овие работи, моја заложба е овој законски проект по можност да се одвива во две фази, мислам дека интенцијата на Владата беше уште на почетокот да се даде две фази, за да се има поле за поголем простор и време и за разгледување на одредени законски решенија и позитивистички идеи, како овие моите што ги истакнав да се инволвираат, за да се добие права светлина и права форма на ова законско решение, како што би требало да го има и што заслужува да ја има оваа идеја за формирање на банка за развој.

Морам да кажам дека вакви пари, кеш пари добиени за приватизација, се права реткост за Република Македонија и мислам дека тој странски партнер за што се заложил и странска банка или некој фонд меѓународен, кој сака на одреден начин да купи акции од најпродуктивното претпријатие во Република Македонија, но и тоа е знак прашање на самата приватизација на Телеком, дали требаше на ваков или на онаков начин, можеби многу подобро ќе беше овие средства да се дадат во некој веќе формиран фонд во Република Македонија, па ќе можеше повеќекратно да се мултициплира, но сепак и ова е едно од тие позитивистички решенија, сепак Владата научила препустите кои се правени во повеќе држави, од земјите во транзиција во Европа, за вакви капитални продажби на имоти на држави, што не се одредени за исто такви капитални набавки, државни набавки, што мислам дека е уште поголемо зло. Така што од неколкуте поголеми зла, мислам дека Владата го одбрала најмалото, но мислам од зло треба да го направиме во добро, да му дадеме развојна димензија, не само да остане во насловот на законот.

Тие се моиве начелни забелешки во однос на законот во оваа пред расправа и мислам дека и во самата амандманска расправа ќе дадам придонес позитивистички, за инволвирање на доста нови идеи, на кои се надевам моите колеги пратеници ќе дадат безрезервна поддршка.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Сигурно дека овој закон кој што треба да го донесе Собранието на Република Македонија, задира во еден простор кој што е многу битен за економијата и економското работење во нашата земја.

Пред да кажам неколку збора за тезите изнесени во членовите на овој закон, прво можам да кажам дека вака сериозен закон, треба да се донесе најмалку во две фази, без разлика

набрзината и т.н. Бидејќи ова е прилично сериозен закон и бидејќи идејата за формирање на една ваква банка, следи после одредувањето на ова Собрание, каде и за кои приоритети треба да се трошат тие фамозни пари, кои што ги очекуваме од телекомуникацијата. Јас незнам дали е ова приоритет, дали е нешто друго приоритет и т.н., но во секој случај пред донесувањето на овој закон, требаше ова Собрание малку да расправа за тоа каде тие евентуални пари како приоритет на оваа држава и се најмногу потребни.

Натаму да кажам за самата содржина. Законот е релативно прост со многу малку членови и регулира одредена материја. Ова е потреба да кажам, државата Македонија да формира банка. Тоа го има во некои земји, во некои го нема и т.н. Ова е првпат ние да кажеме, во наша Македонија да формираме банка, која што е државна, односно каде што водечкиот капитал над 51% треба да биде државен. Тоа е денеска капиталот кој ќе го земе оваа држава од телекомуникациите, а утре пореските обврзници треба да бидат гарант на сите случувања во таа банка. Така да, од тие причини, прилично е изразена потребата, дали приоритет е оваа банка, или во оваа држава има некој други приоритети. Освен тоа доста ме збунува членот 2, каде што од прилика се кажува следното. Финансирањето и инвестициите се предмет на работата на оваа банка. Финансирање и инвестиции на малите и средни претпријатија, поддршка на извозот, спроведување на заеми, донации од странство. Од прилика ова е предмет и задача и на постојните банки што ги имаме во Република Македонија. Друга предметна задача немаат банките, освен да го финансираат развојот, секако не финансираат некое пропаѓање.

Прво, пред овој закон да го донесеме, треба подлабоко да се преиспитаме, да одговориме на следното прашање. Дали постојните банки вака што постојат во Македонија, трансформирани, не трансформирани, полу приватни, приватни, државни и т.н., дали значи дека тие не се во состојба оваа задача да ја извршуваат. Значи немаат бонитет и т.н., и т.н. Дали оваа банка ќе биде банка на која што единствено ќе и се верува, или ова ќе биде банка во која што би верувале странските вложувачи, секако дека ќе вложуваат во оваа банка во нашето стопанство, единствено ќе имаат доверба да вложуваат во Република Македонија, при што треба корејските обврзници да бидат гарант. Тоа се прашања на кои јас би сакал да ми се одговори. Тоа се битни прашања за формирањето на оваа банка. И покрај сета гломурозност дека со формирањето на оваа банка ние ќе ги развиеме малите, средните претпријатија, организациите кои што извезуваат и т.н, тоа е малку или повеќе задача на сите банки овде што постојат, односно банка која ќе привлече странски капитал преку сопствените канали да го реализира на овој простор. Значи тоа се прашањата кои се однесуваат во врска со задачите и предметот на работата на оваа банка.

Понатаму, некои забелешки, ако се погледне дека некои работи не одат во еден закон. Дека покрај Република Македонија основачи на банката може да бидат и Стопанска Комора. Што е Стопанската Комора? Позади неја што стои? Капитал. Тоа е асоцијација на фирмите во кои што тие гарантираат дека тој некој процент во работењето на комората ќе го дадат. Мислам дека тоа воопшто не држи или вака во законот е ставено за да изгледа нешто поголемо. А други домашни правни и физички лица тоа си е во ред. Овде во редот толку кој може да учествува малку или повеќе е во ред. Тука нема забелешки. Но, јас вака би рекол. Во член 6 вели формираме банка, а работните задачи , како што е давање кредити и т.н., оваа банка може да ги реализира преку другите банки. Нешто многу ги комплицираме работите. Сметам дека ако веќе имаме банки, преку кои може да се реализира тој капитал, која е таа потреба од формирањето на оваа банка. Јас би се осврнал на овој закон. Ако ние сакаме како Собрание, ако се оцени дека приоритетот на тие пари, кој ќе дојдат со продажбата на телекомуникацијата, приоритетот е дали во развој на мали или на средни претпријатија, тоа мислам дека се многу мали пари за таков развој, тоа само ќе остане напишано на хартија, или за поддршка на извозот.

Тука мислам поголема практика е во други земји, државата да формира банка, не за развој на стопанството, туку да формира банка за поддршка на извозот. Една таква банка, по се изгледа нам ни е потребна, додека банка за поддршка на развој на мали и средни претпријатија, мислам дека таа задача може да ја обавуваат постојните банки. Од тие причини, во оваа расправа јас ќе го кажам следното. За да може да се одговори на сите овие прашања, мислам дека овој закон треба да се донесе во две фази.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги. И јас би кажал неколку збора во врска со оваа точка што е денеска на дневен ред, односно Законот за формирање на банка македонска за поддршка на развојот.

Прво, да кажам дека ваков проект ни требаше и во секој случај на државата и треба, бидејќи во фазата во која се наоѓа, со една ваква промотивна банка, како што стои во самото образложение, би ги охрабриле и оние стопанственици, бизнисмени, мали кои започнаа во текот на овие години од 1990 наваму, да обавуваат некаква дејност за да остварат профит и нормално да се преживее.

Две карактеристични работи по мене се многу битни. Иако беше спомнато од претходните колеги дека потенцијалот, односно 30 милиони марки кои се вложени од страна на државата, од продажбата на телекомуникациите, во почетокот се можеби мали или ограничени, но дава можност, ги охрабрува сите оние кои понатаму сметаат да остварат профит, да вложат средства во оваа банка која преку комерцијалните банки, како што е замислен концептот, сите да ги помогнат.

Исто така, добра работа претставува и тоа што ги поддржува малите и средните претпријатија. Знаеме дека Македонија е мала држава која се стреми да гради едно отворено стопанство, многу мал е бројот на оние субјекти кои имаат огромен потенцијал и кои можат сериозно да ја претставуваат државата. Ние сепак ќе се сведеме и се сведуваме на држава од вакви претпријатија, од 50 малите до 250 средните претпријатија. Добро е исто така тоа што банката, според оние активности што овде се предвидени е искристализирана банка. Тоа е за почитување, бидејќи досегашното банкарство, вакво какво што е кај нас и раситнето, би рекол, во многу домени се покажа дека во многу работи има и промашени пласмани.

Засебно сакам да го потенцирам работењето на оваа банка во одделот на каматната политика. Бидејќи во начело стои во законот дека банката ќе се придржува кон Законот за банки и штедилници. Сметам дека во статутот и другите општи акти оваа банка како специјализирана, би требало да води по специфична политика во однос на каматите, односно тие да бидат помали, а како би можеле овие субјекти, баш за кои е наменета, и да можат тие мали и средни претпријатија да ги поднесат тие каматни стапки, Ми се чини тоа го дава и еден член од овој закон каде што стои дека оваа банка е и самостојна во своето работење, односно самостојна во водењето на каматната политика.

Една друга работа што не е тука потенцирана, а би сакал да ја потенцирам, а веројатно тоа е и идејата, оваа банка за поддршка на извозот кај малите и средните претпријатија, непосредно треба да кореспондира и да е во корелација со скорешно формираната национална Згенција за развој на мали и средни претпријатија во нашава држава, која произлезе од Агенцијата за трансформација на претпријатијата.

Друга работа што ме плаши, не смее да произлезе од ова, ако е така како што го толкував членот за потенцијалот на банката, до која висина оваа банка може да пласира средства, тоа е 10% за поединечен субјект, односно 30% вкупно за сите. Тука исто така оваа банка со актите со статутот кој би го донела би требало да направи една селекција, бидејќи ако три субјекти мора да се јават на пазарот, така да би го стопиле тој потенцијал на банката. Добро е тоа што државата се јавува, а не учествува во распределбата на дивидендата. Значи целта е и она што ќе се оствари како дивиденда, преку профитот што би го остварила оваа банка, било каков да е, а нормално дека ќе оствари преку другите акционери, тоа повратно го даде како средства за развој.

Во сите земји на запад и овие земји кој се во транзиција, вакви банки постојат уште поодамна и успешно функционираат. Законот заслужува поддршка и ми се чини дека ќе даде почетни охрабрувачки резултати, пред се на оние субјекти од оваа категорија за кој што е наменет: мали, средни и оние кои тежнеат кон извоз.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали некој друг се јавува за збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за основање на македонска банка за поддршка на развојот.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака? (53).

Дали некој има против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака? (53).

Дали некој има против? (5).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 5 став 2 алинеја 3, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 2 став 1, член 5 став 2 алинеја 3, член 7 став 2, член 9 став 2, член 13 став 1 и член 16 став 2 и на член 19 став 1 и 2, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 9 став 1 за додавање нова алинеја 3, член 11 став 1 алинеја 3, член 12 став 2, член 13 за менување на став 4, член 15, став 2, член 16 став 1 за додавање нова алинеја 3 и на член 18 став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Љупчо Мешков и Наум Симјановски, поднесоа амандман за додавање на член 17-а, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Наум Симјановски, поднесе амандман на член 4 став 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1, за додавање нова алинеја 3, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО НАУМОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1 алинеја 3, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО НАУМОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 2, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО НАУМОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (7).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за менување на став 4, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО НАУМОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 2, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО НАУМОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 1 за додавање нова алинеја 3, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО НАУМОВСКИ:**

Бидејќи се работи за нова организациона единица, Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 17-а, поднесен од пратениците Љупчо Мешков и Наум Симјановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО НАУМОВСКИ:**

Овој член Владата не го прифаќа, бидејќи е во спротивно со Уставот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Наум Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Јас во мојата дискусија најавив дека ова прашање го отворам по однос на улогата на Собранието на РМ како највисок законодавен орган, кој е составен од избрани пратеници од народот, бидејќи овој капитал, државен капитал, е капитал на сите граѓани на Република Македонија, ценам дека единствено Собранието на РМ ја има таа надлежност во Собранието и во органите на управување на банката, каде државата Република Македонија е акционер со минимум 51% е тој субјект кој треба да ги делегира претставниците во органите на оваа банка. Имено, повторно, бидејќи ова е закон каде оваа проблематика на таканаречената златна акција, каде Република Македонија може како држава да ја има во формирањето на трговски друштва, банки, фондови и други јавни претпријатија и функцијата на државата треба на одреден начин во овие форми на организирање, во овој конкретен случај банка, треба преку своите претставници таа политика државна, да ја спроведува.

Амандманот е од таква природа, бидејќи функцијата на државата не е дефинирана во законот, кој во Република Македонија истата ќе ја претставува, ние предлагаме Собранието како највисок орган во оваа банка за развој да биде претставник преку делегирање на свои членови, како во Собранието така и во управниот одбор. Ги сепарирам Собранието и управниот одбор, бидејќи тоа се два засебни и независни органи и во истите треба да и може да бидат предложени посебни членови делегирани од Собранието на РМ, првенствено алудирајќи на тоа, Република Македонија, повторувам, да го има мнозинскиот пакет од 51% во управувањето со банката.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван претседателе, министер, почитувани колеги, ние како Комисија за финансирање и буџет, како што сами видовте дадовме повеќе амандмани што претставникот на Владата добар дел од нив усвои и тие одеа во правец на подобрување на текстот на законот кој што, како што и сами знаеме, наместо првобитната замисла да оди во две фази, одеше во една фаза и ние тогаш во Комисијата сметавме дека би било добро сепак да оди во две фази, заради добивање на еден подобар текст.

Меѓутоа, беше објаснето, заради итноста на состојбите заради кои треба побрзо да се донесе овој закон тој да оди во една фаза.

Овој амандман кој ние го поднесовме што јас и г-динот Симјановски го поднесовме, фактички доаѓа од фактот дека се работи за државни пари и поради тоа што се работи за државни пари би требало, односно се поставува прашањето зошто во целокупниот процес на надзор ели на следењето на трошењето на овие пари е исклучено Собранието на Република Македонија. Во основа се поставува едно политичко прашање, всушност, колку со овој закон, како и со многу други закони ќе се даваат во оваа област неограничени овластувања на

Владата и се разбира на одделни министри кои се надлежни за ова прашање, а Собранието фактички ќе се држи на маргините, односно нема дури да биде удостоено, да launching да речеме и со еден извештај за работа на една ваква банка, како што тоа впрочем ги чини Народната банка на Македонија.

Значи основната интенција на амандманот, Собранието да биде фактички репрезент на државата, како сопственик со 51% од основачкиот капитал и Собранието да именува членови во Собранието на акционерите. Се разбира индиректно преку тоа би значело и мнозинство во управниот одбор. Значи само е тоа да му се даде ингеренција на Собранието, како највисок законодавен дом, да има поголеми ингеренции во надзорот, односно во увидот на трошењето на парите, а не ад хок тоа секогаш да биде Владата на РМ.

Значи во членот 4 стои државата, меѓутоа, државата треба да се каже или Собранието или Владата или кој во име на државата.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван г-дин министер.

Јас мислам дека Собранието треба да размисли за овој амандман во позитивна насока, најмалку од две причини.

Едни од причините се, можеби и поактуелни во оваа фаза од донесување на законот дека со член 4 од Законот во ставот 2 се вели дека, основачи на банката се Република Македонија и други субјекти, а потоа во истиот член, во подоцнежниот став 4 укажува дека учеството на државата во основачкиот капитал не може да биде помал од 51%, со што станува јасно дека јавниот дел од средствата во оваа банка ќе бидат државни.

Ако се сеќавате кога ние го носевме Законот за јавни претпријатија, кои не се банки, се разбира, усвоивме одредба со која во името на државата со средствата кои се јавна сопственост во јавните претпријатија, бидејќи може и да се, а не мора да се 100%, управува Владата. И по таа аналогија Владата назначува, според законот и управен одбор и директор.

Меѓутоа, овде членот 4 не укажува докрај, кој во име на државата Република Македонија ќе го претставува капиталот во банката, која е посебно правно лице. Така да мислам дека покрај овие причини што беа изнесени кои јас не би ги навел како политички, мислам дека и формално правни причини постојат, Собранието да размисли. Јас исто така мислам дека, малку сме затекнати со фазата на усвојување на овој закон, кој барем еве и за мене денес беше, иако се наговести дека е пратено некое писмо кое мене не ми беше достапно на увид, дека пред неколку дена се одлучила Владата да побара итност, односно скратеност на постапката.

Мислам дека, вреди да се размисли околу прашањето кое законот не го уредува, а тоа е кој орган на државата, во име на државата ќе биде застапен во Собранието на банката. Имајќи го предвид тоа, предлагам, јас исто така предлагам и г-динот министер во својство на претставник на Владата да даде свое видување за оваа работа после овие дискусии. Јас имам видување дека амандманот како што е предложен треба да претрпи корекција, затоа што членовите на Собранието на акционерите и членовите на управниот одбор на банката во името на Македонија ги именува Собранието, е непотребно да се регулира целосно, затоа што Собранието ќе го избере управниот одбор.

Меѓутоа, членовите на Собранието, првиот дел од овој амандман вреди да се тоа аргументира. Исто така сметам дека, не би требало пак целосно да ја исклучиме Владата на РМ, од можноста во име на државата и Владата учествува во делегирање на членови на Собранието на акционерите. На банката, со што нормално ќе учествува во градењето на политика на банката, согласно Законот за банки, согласно овој закон. Јасно многу одредби упатуваат на тоа дека покрај специфичностите кои со закон ги уредуваме, каде, колку и како може да се инвестира и за кои цели може да се инвестира, преку оваа банка нормално дека голем дел од деловната политика на банката ќе зависи од насоките на Собранието на банката.

Според тоа, јас Владата не би ја исклучил целосно од тоа влијание. Дури и Собранието треба да размислува и за доминантно учество на Владата во делегирањето на членови на Собранието кои ќе го претставуваат државниот капитал. Меѓутоа, сметам исто така дека покрај доминантното учество на Владата во делегирањето на членови на Собранието треба да размислиме и за соодветно учество или делегирање од страна на Парламентот. Но, во најмала рака ова прашање треба да се уреди со законот, затоа што мислам дека со статутот на банката, како што е овде уредено, останува отворено прашањето кој ќе го претставува Собранието на акционерите, државниот капитал.

**ВАНЕ НАУМОСКИ:**

Во врска со амандманот, го почитувам мислењето од колегите, но и јас имам свое мислење, бидејќи на Комисијата за финансирање тоа го дискутиравме.

Прво, јас ќе се повикам на членот 4. Првата реченица вели: "Банката се основа како акционерско друштво". Тука може да бидат акционери и државата и општествен капитал и приватен.

Друга работа, колегите што ја немаат во предвид, јас во меѓувреме го побарав законот, тоа е Законот за трансформација на државниот капитал, каде што во членот 5 став 2 буквално стои:"Владата именува членови во органите на управувањето, Собранието во никој случај". Во законот што го донесовме 1996 година "Службен весник број 37", јасно е кажано дека само Владата на Република Македонија, Собранието никаде не се споменува.

Член 5 став 2 од Законот јасно кажува. Тоа значи Владата може да одреди претставник и не мора, но Парламентот никаде не може да делегира членови.

Ова е мое гледање на работите.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Најпрво морам да реплицирам на мојот претходник. Не зачудува правецот на размислувањето на претходникот, кој со оваа дискусија навистина си ги негира сопствените права на пратеник за да придонесе за одредена евиденција и контрола на самиот државен капитал. Она што ни е дадено ние треба да го оплодиме, надградиме, а не да си го одземеме самите. Тоа е мое видување на вашата дискусија.

Како дополнување на мојата дискусија по овој амандман би истакнал дека предложеното решение во законот е со одредена правна голема празнина, што фактот Република Македонија навистина не е лоцирана преку кого ќе биде застапувана. Со Уставот е дадено право да може и Собранието да делегира претставници, нормално и Владата. Наше политичко видување, тука му реплицирам на г-динот Никола Поповски, дека ова е политичко прашање, да навистина е политичко прашање, нашето видување со мојот колега Мешков и пратеничката група на ЛДП е тоа да, Собранието во овој специфичен случај јаземе улогата да делегира свои претставници, бидејќи на ваков начин се врши трансформација односно се користи продадениот капитал за готовински пари, државен капитал со умисла и истиот да се стави во најпродуктивна функција за развојот на државата.

Токму тука е и тежината која се дава на Собранието од овие побуди. Несомнено дека можеби пристапот на претставникот од Владата ќе биде негаторски по овој амандман, но дозволете тогаш, барем алоцирајте го вие прашањето кој ќе биде репрезентот на Република Македонија во вакви случаи. Навистина ова е специфичен, издвоен од сите случаи и за формирање на трговски друштва и за формирање на банки и за формирање на јавни здравствени фондови итн.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика на г-динот Наумовски.

Законите што ги донесува Собранието важат и за пратениците.

**ВАНЕ НАУМОСКИ:**

Токму така, законите важат и за пратениците, законот што го донесува овој Парламент важи за сите пратеници. Со тоа не ја дерогираме работата. Сега кажете во една фирма, да разграничиме што е јавно што е државно. Точно е дека во управните одбори на јавните организации делегиравме членови, тоа е факт, но овде е акционерско друштво. Ако е вака по вашата логика тогаш во сите акционерски друштва каде што има и еден денар државен капитал, треба да делегираме пратеници. Кажете го каде го има тоа, очигледно е дека за тоа се разидуваме.

**ВЛАДО НАУМОВСКИ:**

Во доста акционерски друштва во Републиката имаме државен капитал, каде што претставници се членови кои што ги делегира Владата. До сега таква беше праксата и немало никаков проблем во тој дел. Овде се поставија две прашања.

Едното прашање е околу делегирање на претставници во акционерското собрание и управниот одбор, а исто така и околу надзорот и контролата што ова Собрание ќе може да ја имаме врз таа банка.

Околу надзорот би се задржал повеќе. Во член 19 од овој закон стои дека надзорот го врши Народна банка. Понатаму стои дека тоа е согласно со законот за банки и штедилници. Ако добро го погледаме и Законот за народна банка и Законот за банки и штедилници, ќе видиме дека стои кои се функциите што ги врши Народната банка во врска со супервизијата и дека се бара независен ревизорски извештај, а пред малку денеска имавте усвојување на извештајот на Народна банка, кој што ова Собранието го гледа. Оттаму ја гледам можноста ова Собрание да ја контролира токму и оваа банка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Очигледно дека се побудуваат доста интересни дискусии и правци на размислувања во оваа област, но морам некои работи навистина да ги повторам и навистина да ги разјасниме тука за да кога ќе се крене рака за овој закон треба да биде со цело срце, душа и тело, бидејќи навистина е за развојот на Република Македонија.

Имено, што се однесува до контролата, контролата во случајот на банките е дефинирана со Законот за банки и штедилници, посебно и со Законот за Народна банка, но формирањето на оваа банка не влегува во колосекот на овие два закони, ни за банки и штедилници, ни за народна банка. Ова е нешто сепаратно, така да и третманот на надзорот треба да биде сепаратен.

Решението што тука се нуди мислам дека не е адекватно, но морам да признам дека брзината на доставувањето на овој закон и претворањето до две во една фаза, не ми даде за право доволно да ја разработам и фазата на надзор, која вие сега ја потенциравте. Улогата на Собранието, која јас тука ја покренав, не е во функција на надзорот на работењето на самата банка, како се работи, што се работи, нормално вие добро потенциравте дека ќе треба и одредени ревизорски куќи тоа да го ревидираат, за тоа ви давам за право и ве поддржувам, плус пандан на тоа што во оваа банка покрај овој капитал веќе се планира и одредени странски инвестиции за кои самите странски инвеститори ќе инсистираат на ревизии од познати ревизорски куќи, но тоа е за тековното работење на банката. Тука се поставува прашањето за заштита на почетниот капитал, иницирачки капитал од 30 милиони германски марки кој е произлезе од продажба на државен имот. Функцијата на тој државен имот која е и нормално функцијата на управувањето на една ваква банка, каде доминантен сопственик т.е. над 51% се јавува Република Македонија.

Наш политички став и мој личен, е тоа да биде Собранието на РМ. Така да треба да ги разграничиме основи по однос на надзорот на самото работење ако се формира оваа банка и третманот на супервизијата на овој капитал во формирањето на оваа банка, кој во овој случај е строго државен. Потенцирам дека овој строго државен капитал нема да влезе и не влегува ни во Буџетот на РМ, кој буџет е ревидиран, има надзор како од Собранието на РМ така и од повеќе органи и тела кои ги формиравме. Да одеше по Законот за трансформација на општествен капитал, ќе одеше овој капитал од 30 милиони германски марки преку Агенцијата на трансформација, што во овој случај повторно не е, а надзор над Агенцијата има Собранието, па бидејќи се издвојува како сепаратен случај, нашиот став е тој надзор над државните средства остварени од продажбата на државниот капитал да го има повторно Собранието. Инаку и во првиот и во вториот, и при продажбата на општествениот капитал преку Агенцијата надзор има, но надзор во оваа функција има Собранието а и на буџетските средства нормално има повторно Собранието. Така да за овој надзор повторно се врзува околу Собранието, а за надзорот за работењето на банката е сосема нешто друго и за тоа .комплетно се согласуваме со ставовите.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас и во претходната дискусија кажав дека овој закон е закон кој што се бара да се донесе на брза рака, без за тоа да се изнесат прави аргументи, причините и целите за донесувањето на законот. Од тие причини и дискусијата по овој член, во кој што надзорот за успешноста на работењето на банката, не надзорот од аспект на законодавството, туку надзор од аспект на газдинство, така да кажам, за успешното работење на оваа банка треба да го врши дали Владата, или Собранието на некој начин директно или индиректно.

Овде сите претходни мои колеги се искажаа како добри познавачи на тој Закон за јавни претпријатија, во кои што Владата е овластена за делегирање на претставници за чување на јавниот интерес во тие фирми, но никој не кажа дали во тој фамозен Закон за јавни претпријатија е предвидено да се формираат јавни претпријатија од сферата на банкарството. Нема нели, ако нема тогаш сите овие тези паѓаат во вода. Значи што е сега, дали оваа банка е јавно претпријатие. Велиме акционерско претпријатие со минимално учество на државата од 51%. Која е суштината на ова претпријатие.

Мислам дека не е во ред токму на овој член се гледаат сите цели за донесување на овој закон, дека оваа работа ниту е промислена многу добро, ниту целите се знаат.

Друга работа, за формирањето на ваква банка ова Собрание треба да вложи 30 милиони германски марки. Нема ни еден ред кажано колку пари ќе чини организационото формирање на таа банка. Тоа чини, а сега ние велиме се овластува Владата да си направи банкарска фирма, дефакто Владата со ова ја овластуваме, ќе си раководи за успешност, или неуспешност, а Народната банка во секој случај не ќе може да ја контролира оваа банка, бидејќи е државна банка. Дефакто би требало според законот, бидејќи ги контролира сите банки и оваа банка да ја контролира. Но, ова некако мие ни жена ни риба. Од една страна таа е државна банка, Народната банка е државна фирма, така да сметам дека ние мораме да си одговориме на прашањето што е оваа фирма, дали јавно претпријатие или не е јавно претпријатие. Ако не е јавно претпријатие тогаш сосема други се работите.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, мислам дека г-динот Димов на крајот го загатна и најважното прашање со овој закон. Покрај тоа што ние ќе го донесеме овој Закон за формирање на банка, донесуваме уште една голема одлука со тоа што кажуваме дека Собранието дозволува 30 милиони германски марки да бидат основачки капитал на таа банка. Ние со тоа автоматски потврдуваме. Затоа несомнено на нас лежи одговорноста по однос на дефинирањето и организирањето на самата банка. Господинот Поповски Никола иако кажа дека не е политичко прашање, но од самата расправа која што ја водиме ќе се види дека ќе има по однос на овој член доста политика од едноставна причина.

Сметам дека ние не треба да гледаме моментално каква е политичката распределба на политичките партии во Парламентот, па од овој аспект сега да се однесуваме како ќе се формира Собранието на акционерите во банката и како ќе се формира понатаму управниот одбор, заради тоа што овој состав на Собранието ќе биде уште месец - два тука, па после ќе видиме како ќе биде. Затоа, од тие причини ние не смееме да си дозволиме заради некоја си моментална состојба што е во Република Македонија решение како што е предложено во законот.

Имено, сметам дека треба да се постигне еден консензус, па ако сакате и политички консензус по однос на ова прашање, бидејќи ќе го одреди понатамошното суштинско прашање на банката. Дали уште со самото формирање на банката нема да кажеме ние да ја поделиме РМ на тоа дека, оваа банка е партиска банка. Со самото тоа што Владата на РМ ќе делегира свои членови во Управниот одбор, со самото тоа што главниот збор го води една партија, веднаш ќе ја поделиме јавноста во РМ, дека се формира партиска банка. Сметам за успешното работење на таа банка, за која што рековме и пратеничката група на ЛДП како опозициона партија го поддржува за да постигнеме таков консензус треба малку по децидно, посуштински да поразговараме за ова прашање. Треба да знаеме како понатаму ќе се организира таа банка, па на крајот на краиштата на некому да му дозволиме овде како пратеници со 30 милиони марки на РМ самиот да одлучува.

Сметам дека тоа право како пратеници не треба да го пропуштиме. На крајот со оглед на тоа што треба оваа банка, што велат луѓево долги години и векови да ни жевее, се поставува уште едно прашање според мене суштинско. Не само што треба да го прифатиме амандманот, Собранието да делегира членови во Собранието на акционери на Банката, туку сметам дека треба да го дополниме и амандманот без разлика која политичка партија ќе се наоѓа во опозиција барем 25% да бидат претставници на опозицијата во Парламентот. Со тоа ќе се овозможи уште поголема контрола и ќе создадеме банка која што ќе влее сигурност и доверба кај луѓето во РМ дека, не се работи за партиска банка, туку дека се работи за една државна институција која што треба навистина да го помогне развојот во РМ. Инаку во противно јас морам да ви кажам веднаш ќе се отвори прашањето првиот кредит што ќе го даде оваа Банка на некое претпријатие во РМ, па плус тоа ако директорот биде од партијата на власт, да речеме ако не стигне за овие 3 месеци, па нареднава која што ќе биде во февруари месец идната година. Првиот кредит што ќе го даде на директно на претпријатие кој што ќе биде од таа владеачка партија, веднаш ќе се отвори прашањето во јавноста: по кои критериуми. Мене сега некој веднаш ќе ми каже таму пишува по критериумите на Банката, но никој не може да ме разубеди, затоа што истата таа партија ќе го има мнозинството, односно ќе ги има сите членови на Управниот одбор на таа Банка.

Од тие причини сметам дека овој амандман треба да се прифати.

**ВЛАДИМИР НАУМОВСКИ:**

Се поставува навистина едно битно прашање. Дали кога се формираат банкарски институции, кога се формираат вакви банкарски институции, кои што се стручни институции во

делот на финансирањето, треба да правиме политички управни одбори, или стручни управни одбори. Управниот одбор на една банка треба да биде составен од стручњаци. Сепак, треба да работиме во едно пазарно стопанство и така да се ориентираме.

Ако ние мислиме дека во управните одбори треба да ставиме политичари, па по тој основ да ги делиме кредитите, тогаш сме направиле огромна грешка и луѓето кои што ни дадоа техничка поддршка од странство, навистина ќе се замислат за таа работа. Замислата на оваа Банка беше да биде една стручна специјализирана институција, која што ќе го подржува извозот во РМ и малите и средните претпријатија. Овде вие се залагате да направиме политичка институција од Управниот одбор на Банката, што воопшто не е во ред од таа страна. Инаку во нашата држава се формирани многу јавни претпријатија кои што имаат многу повеќе имот од 30 милиони марки во денарска противвредност, па не станало прашање што ќе се случи и како понатаму, а управните одбори на тие јавни претпријатија ги делегира Владата на РМ. Ова е акционерско друштво со доминантен државен капитал т.е. минимум 51%. Ова е една форма подалеку од јавните претпријатија. Јавните претпријатија се комплетно државен капитал.

И затоа ве молам да имате разбирања за стопанствениците кои навистина ги чекаат решенијата што ќе произлезат од овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Отворивме едно суштинско прашање кое министерот понатаму го дообразложи и ме зачуди. Ни рече дека Владата на РМ нема да става во управните одбори политичари, а Парламентот ќе става политичари. Никој од пратеницичве кои што досега дискутираа за делегирање на членови во Управниот одбор и во Собранието на акционери од страна на Собранието, не рече дека Собранието ќе делегира од својот состав ќе делегира пратеници. Не е оспорено правото да бидат и пратеници, но никој досега не рече дека Собранието ќе делегира пратеници. Што значи дека во што се сомневате дека Собранието ќе изнајде стручњаци и квалитетни луѓе кои што ќе ги предложи за членови на Управниот одбор.

Значи ли тоа дека досега Собранието на РМ при предлагањето на свои членови во било кои органи досега кои што предлагале, дека предлагале нестручни лица, туку водејќи се исклучиво од политички побуди. Јас можам да ви го кажам следново. Убеден сум во едно, бидејќи сум член на Комисијата за избор и именувања дека Комисијата за избор и именувања досега многу повеќе водела сметка за делегирање на стручњаци во телата каде што требало да делегира Собранието, отколку што тоа го водела Владата на РМ. Ќе ве убедам со следниот аргумент. Наведете ми еден управен одбор на јавно претпријатие во РМ, каде што свои членови делегира исклучиво Владата каде што има претставник на опозиција, не да е во најтесно раководство, туку да е член на опозициона партија. Еден наведете ми, ако таков најдете' од 20-тина јавни претпријатија кои што ги имате именувано во РМ, јас ќе ви речам дека се држите до тие критериуми. Што значи дека баш обратно, сакајќи со тоа што Владата исклучиво да делегира членови во новиот Управен одбор на новата банка, таа се залага исклучиво за политичка припадност, а не Собранието на РМ.

**ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер и почитувани колеги пратеници, мислам дека пред нас имаме еден законски проект кој беше наговестен уште со мерките на макроекономската политика за оваа година, закон и банка која стопанствениците уште од минатата година бараа да се формира како предуслов за следење. на развојот на малите и средни претпријатија и банка која треба да обезбеди една инфузија додатно финансирање на производство кое е наменето за извоз. Ако тоа беа мерки по кои ние едногласно се сложивме овде како Парламент, мислам дека еве сега Владата со тој законски проект излегува пред нас и мене ме изненадија некои колеги пратеници кои мислам низ дискусија повеќе тежнееја да не дојде до ова усвојување на овој закон и да не дојде до создавање на предуслови за реализација на оние мерки од макроекономска политика, за кои ние веќе се залагавме и се договоривме. Морам да ви кажам како стопанственик, дека стопанствениците и стопанството едвај чекаат да дојде до усвојување на овој закон и до формирање на оваа банка, која треба да го поуспеши производството наменето за извоз. Ние знаеме дека нашите капацитети во нашата држава заради ограничениот и мал пазар воглавно својот излез и своја перспектива го гледаат во свое извозно ориентирање.

Ако е тоа така, тогаш ние треба што побрзо да пристапиме до формирање на оваа банка и до конституирање на нејзините органи и тела и до практично оживување на мерките и целите кои се зацртани со закон. Мислам дека, таму убаво е кажано кои се целите: правци на развој на мали и средни претпријатија, кредитирање на извоз и осигурување на идентификувани приливи. Ако е тоа така тука се знае која е целта на користењето на овие средства. Од друга страна, тука исто така е кажано дека ова не е комерцијална банка, поставуваме прашање дали е по банкарски принцип и штедилници, или по Закон на здружен труд добиваме една специфична банка за специфична намена, која има ограничен фронт на свое дејствување односно ќе работи строго наменски како што е предвидено и со законот, а кое натаму треба да биде доразработено со актите на оваа банка, односно во статутот и други акти кои ќе бидат донесени.

Ако сето тоа го имаме во предвид, мислам дека не треба да кршиме копја дали членовите на управен одбор ќе ги делегира Собрание, или Влада. Мислам дека од досегашна пракса со делегирање на членови на управен одбор во јавните претпријатија најприродно е и единствено исправно е Владата да биде таа која ќе ги делегира членовите во Управен одбор. А кој ќе врши надзор? Исто така, во Законот, во Предлог законот јасно е кажано, Народна банка преку државен ревизор ќе врши контрола над работењето до 30.06. ќе се прави отчет пред Собрание.

Мислам дека се е јасно и во Предлог законот, а мислам дека иако се обидуваме тоа да го ставиме со Закон здружен труд, или не знам, сега го спомнуваме Законот за приватизација. Мислам дека тој нема врска со формирање на оваа банка. Не треба да ги ставиме работите кои го одлагаат и отежнуваат овој процес на формирање на банка, бидејќи стопанство мисли дека веќе и се доцни со формирање на оваа Банка. Ако е тоа така, тогаш во функција на надминување на еден проблем кој го имаме повеќе години, а тоа е платен дефицит и перманентна стагнација, или опаѓање на извозот на нашето стопанство, а оваа банка е во функција на поуспешување и развој  на извозот.

Мислам дека, треба да ги надминеме некои партиски гледања и партиски надметнувања по пристапот на усвојување на овој Закон, туку треба да пристапиме кон усвојување како што е предложен и да дојде до негова реализација и оживување. Во таа смисла и не го прифаќам предложениот амандман.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер, јас очекував од образложението на министерот дека ќе даде некој одговор на оние прашања што јас ги кажав и во општата расправа, па и во дискусијата во врска со овој амандман. Но, наместо да добијам одговори, јас ѓо добив следното објаснување, дека ако членовите во тие органи ги бира Владата ќе бидат стручни, ако Парламентот ги бира тие членови нема да бидат стручни. Со тој Закон и со однесувањето на овој Парламент, дефакто ова Собрание може да го бира членот на Управен одбор во здравствен дом Неготино, или не знам каде, или членот на Управен одбор во библиотека во с. Звегор итн., но никако овој Парламент да бира членови во органите на јавни претпријатија. Тоа е фактот кој што функционира, тоа е така. Дали е во ред таа работа, или не е во ред, тоа е друга работа.

Една друга работа, овде од дискусијата на министерот произлезе дека малтене ако не ја формираме оваа банка ќе го успориме развојот. Господа, оваа држава нема пари, банки многу има. Ако е решението во формирање банки да го поспешиме развојот, дајте да формираме поготово стотина државни банки, па кога ќе тргне кој ќе не гледа нас. Затоа сметам, бидејќи овој Закон државата формира банка каде што чист капитал е 51%, формира банка, ќе Ве молам немојте вакви аргументи, поготово од министерот, ајде ние што сме парламентарци не мораме да знаеме, бидејќи за многу работи многу малку знаеме, но министрите за малку работи треба да знаат многу, бидејќи ние можеме тоа да си го допуштиме, јас очекувам овде од министерот некоја работа поконкретно да каже. И сметам дека во ред е на предлог на Владата ова Собрание да ги бира тие членови, на предлог на Влада да ги бира. Како сите закони Владата ги составува, а ние ги донесуваме. И мислам на тој начин ќе се оствари контролата на ова Собрание во поглед на успешноста, бидејќи ние таму не се јавуваме за контролирање на законитоста, се јавуваме како газди како акционери. Значи ова Собрание преку Владата да врши контрола на успешноста, а Народната банка и другите институции ќе си вршат контрола на законитоста. Затоа, јас предлагам една модификација ако веќе може тоа да се прифати на предлог на Владата тие органи ова Собрание да ги бира.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа е веќе нов амандман.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Ќе поднесам амандман ако има расположение.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, дами и господа пратеници, немав намера да зборувам по овој амандман, бидејќи начелно се согласувам со донесувањето на овој Закон, бидејќи е од сферата на стопанството и значи формирање на Македонска банка за развој. Но, чувствувам една потреба да искоментирам дел од јавувањата на пратениците од СДС, по однос на неприфаќање на овој амандман. Навистина со еден таков однос спрема амандман кој што значи типичен пример на афирмација на улогата и надлежноста на Собранието, конкретно во формирање на една јавна институција од финансиите организирана како акционерско друштво, во кое што еден капитал на сите граѓани јас би рекол создаван со години во РМ и без малку уште тој капитал остана како вредност од јавниот сектор во РМ, тоа е капиталот од приватизацијата на телекомуникациите во РМ, на поштите кој што како влог на ова акционерско друштво влегува со 51% во оваа Банка за развој. И самиот предлог ете тоа именување, да се вратам на основното решение, наместо во име на РМ именувањето на членовите на Собранието на акционерите и на Управниот одбор на ова Банка да го врши Владата во име на РМ предлогот е со амандманот тоа да биде Собранието. Неприфаќањето на ова фактички се потврдува негирање на афирмативноста на Парламентот како законодавен дом од една страна и од друга страна потврдување од овие пратеници што е најмногу чудно, потврдување да ние не сме за поделба на власта законодавна, извршна, судска и локална власт, туку ние напротив со ваквите однесувања го потврдуваме претходно под ова уставно уредување единство на власта, каде што повторно сами придонесуваме за тоа единство на власта со доминација на извршната власт, односно на Владата. Многу е нормално претставникот на Владата да го брани тоа во едни развиени парламентарни држави за најмала надлежност меѓу извршната и законодавната власт се водат дебати со години итн. а кај нас напротив наместо таа борба да биде меѓу извршната и законодавната власт за во прилог кога сме ние законодавен дом во прилог на нашата афирмација, ние многу повеќе од самиот претставник на извршната власт го браниме и го поддржуваме тоа зголемување на надлежностите повторно на самата Влада.

Од тој аспект мислам дека, ќе се постигне многу подемократичност ако вака се уреди надлежноста за именување наместо Владата, Собранието да биде стварно надлежно за именување на членовите на Собранието на акционери на Управниот орган, а тоа ќе значи афирмација наша како Парламент, да не си одиме сами против себе, со тоа ќе биде демократски застапено покрај парламентарното мнозинство, нормално и опозицијата која е носител на ваквата би рекол афирмативна улога на Парламентот. Очекувам и од самиот претставник на Владата, бидејќи тоа што беше заложба и на г-динот Поповиќ и Владата да биде вклучена со една инстанца со предлагање, а именувањето на надлежноста да биде на Собранието. Очекувам очекувам позитивно произнесување и до претставникот на Владата, а ќе ми дозволите и од почитуваниот претседател на Собранието, кој исто така како правник е и добар познавач општо на менаџментот, а посебно на финансискиот менаџмент. Добро би било и негов придонес и како правник, а и како претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не е баш препорачливо да се прозива претседателот на Собранието.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван министер. Поднесениот амандман во суштина секогаш ќе зафаќа од уставниот концепт на поделбата на власта и ние во Република Македонија го прифативме парламентарниот систем на вистинска поделба на власта, а тоа е законодавна, извршна и судска власт. Поаѓајќи од дефинирањето на членот 61 став 1 од Уставот на Република Македонија, каде кажува: "Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Република Македонија" и разработен во членот 68 во сите ингеренции кои му се даваат на Собранието, заради почитување на принципот на паралелна самостојност на вршењето на власта, а не во хиерархиска субординација на организирање на власта, туку дека секој е одговорен во рамките на уставните ингеренции кои му ги дава Уставот на Република Македонија и продолжувајќи по аналогија да се дефинира што значи извршната власт во Република Македонија, а тоа во членот 88 став 1, каде кажува дека Владата на Република Македонија е носител на извршната власт и толкувајќи го Уставот во таа еномсоцијација и во

дух и содржина, тогаш објективно може да се заклучи дека ваквиот поднесен амандман е директно во спротивност на членот 88 став 1 од Уставот на Република Македонија, каде се предлага Собранието на Република Македонија во Собранието на акционерите ги делегира или ги бира или како сакате во која сакате постапка ги именува членовите на тоа Собрание на банката како акционерско друштво.

Оттука можам да кажам дека Владата на Република Македонија е носител на спроведувањето на законите во Република Македонија, одговорна за целокупниот живот во Републиката во спроведувањето на законите, а Собранието на Република Македонија обезбедувајќи го системот чек баланс или кочница и рамнотежа во рамките на своите овластувања, поточно во членот 68 во оние ингеренции кои му ги дава Уставот на Република Македонија, врши политичка контрола на Владата и на сите носители на јавни функции кои се одговорни и кои ги бира Собранието, а Владата е одговорна пред Собранието во вршењето на својата функција и ингеренциите и сите други носители кои се во врска со носителите на тие функции.

Поаѓајќи од тој концепт, ние тоа го прифативме, во јавните претпријатија, во сите други институции кои значат живот во Република Македонија и спроведување на законите во создавањето на целокупниот амбиент на успешност во спроведувањето на законите на Република Македонија тоа е Владата која ги спроведува законите, а Собранието во ингеренциите утврдени во членот 68, каде му е дадено да врши контрола и преиспитување на целокупниот правен поредок во законодавна смисла на зборот во ингеренциите кои му ги дава членот 68 став 1, Собранието ги носи законите и врши политичка контрола, а оперативно работење и спроведување на законите му е дадено на извршната власт и извршната власт е одговорна пред Собранието за успешно и неуспешно вршење на својата функција, па оттука овој амандман е директ, но во спротивност на членот 88 став 1 од Уставот на Република Македонија. Исправно е кога Владата на Република Македонија согласно тие одредби делегира свои претставници во Собранието на таа банка од една страна, а од друга страна Собранието по таа аналогија бира управен одбор и сите одговорни функционери кои ќе одговараат на Владата во врска со спроведувањето на законите, мерките кои ги предлага Владата во развојот на стопанството за основната намена за која се формира банката.

Оттука предлагам да се одбие предложениот амандман. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, очигледно дека се разви една поопсежна расправа во врска со тоа кој ќе именува, врз основа на сопственост на државата Република Македонија, претставници во Собранието на оваа финансиска институција.

Јас не претендирам дека подобро можам да го толкувам, од мојот партиски колега Туше Гошев, Уставот на Република Македонија, затоа што факт е дека тој може подобро да го толкува.

Меѓутоа, јас би сакал врз основа на оваа дискусија која очигледно не убедува нас пратениците дека со законот не треба да се уреди кој во името на државата е носител на правото на управување.

Јас мислам дека, од второстепено значење е во овој момент дали ќе се прифати амандманот Собранието, меѓутоа од првостепено значење е дека законот треба да одреди дека во име на Република Македонија Владата или Собранието ќе ги именува, врз основа на сопственост, претставниците на Собранието на банката. Јас го сфаќам инсистирањето на повеќе пратеници и на Владата, јас би го прифатил како решение не е проблем дека Владата треба да ги именува, меѓутоа во тој случај во законот мора да се стави одредба дека акционерите кои го претставуваат државниот капитал, односно претставниците во Собранието кои го претставуваат државниот капитал, ги именува Владата на Република Македонија и тогаш нема да има спор. Ако е така поприфатливо за мнозинство од Парламентот, мислам дека не е апсолутно грев.

Меѓутоа, би сакал врз основа на ова толкување кое господинот Туше Гошев сега го даде, да предизвикам неколку одлуки кои ги носи Собранието. Ако така го толкуваме Уставот, тогаш сите одлуки на Собранието на Република Македонија врз основа на кои Собранието именува органи, претставници во органите на управување на било кои институции, претпријатија, трговски друштва или банки по номенклатура од 1 до 14 се ништавни, ако Уставот тоа изрично го определува кај извршната власт, тоа значи дека со сите овие кои ги носиме одлуки за

членови во органите на управувањето на здравствени организации по Законот за здравство се ништавни и не можеме тоа да го спроведуваме, затоа што очигледно Уставот поинаку определува. И во другите органи ние не можеме врз основа на Уставот правото на управување да го двоиме, само заради фактот дека едните се во номенклатурата од 1 до 9 таканаречени стопански дејности, а другите, го скокам 10, од 11 до 14 образование, култура, наука, здравство и државни органи, политички партии и здруженија. Значи, секаде мораме да го примениме истиот концепт.

Ако е така ние мора сите одлуки да ги преиначиме и тоа не ги преиначуваме затоа што со соодветните закони на пример ние пред две години донесовме Закон за образование, во кој делегираме органи на управување на училиштето да ги именува и друг освен Владата на Република Македонија. Во Законот за здравство и Собранието на Република Македонија, Законот за култура допрва го чекаме, а сеуште се однесуваме по Законот во кој исклучиво Собранието ги делегира. Ние мора да ги предизвикаме сите тие одлуки како евентуално неважечки, доколку ја прифатиме таа одлука на извршната власт.

Второ, извршната власт во Република Македонија е поделена. Извршната власт не припаѓа само на Владата на Република Македонија, туку припаѓа и на Претседателот на Република Македонија како институција. Ако ја прифатиме одредбата дека извршната власт произлегува од Уставот, дека раководи со имотот на државата во име на државата, без посебно со закон тоа да се определи, тоа значи дека може било кој да оспори само Владата кога без директна законска одредба, туку врз основа на Устав како определува како што би било случај во рамките на овој закон и дека тоа евентуално може да биде и Претседателот на државата, за што и тој е рамноправен носител на извршната власт со свои ингеренции, а ако се повикуваме на одредбите дека Претседателот на државата како носител на извршна власт нема ингеренции во монетарните и други сфери, тоа исто така ќе го оповргнеме со одлука на ова Собрание, со Законот за Народна банка на Република Македонија го овласти Претседателот на државата да биде единствен овластен предлагач на гувернерот на Народна банка на Македонија, а Собранието да го избира, што значи дека и овој дел од извршната власт наречен институција Претседател на државата, е длабоко инволвиран токму во овие дејности во кои денеска ние расправаме а тоа е финансиските институции, затоа што на негов предлог се избира органот гувернер на Народна банка на Република Македонија која е уставна институција, која има надлежности во финансиските аспекти на работењето на сите финансиски институции во државата и за кои нема потреба да ги наведуваме, затоа што се наведени во законот. Од контроли, од давање на дозволи, од ревизии и други видови на активности. Што значи дека јас оваа дискусија не сакам да упатам на тоа дека треба да се одземе или да се подари правото на некого да управува или да именува лица во органите на управување на било кои субјекти според номенклатурата, ќе повторам, од 1 до 14 врз основа на директно спроведување на Уставот.

Убеден сум дека Владата,во овој случај, кога веќе очигледно поголемиот дел од Парламентот и Владата инсистира да го задржи правото на именување на претставници на органите на управување на оваа финансиска институција која очигледно ќе има јавен карактер, сопственоста ќе има јавен карактер во мнозински дел, ќе мора со одредба во законот во еден член да назначи дека во органите на управување во име на сопственикот Република Македонија, Владата именува или назначува свој претставници. Во спротивно ќе се доведеме во позиција да може, зборувам хипотетички или алтернативно, Владата да донесе одлука која ќе ја објави во Службен весник со која ќе ги именува претставниците во Собранието, Собранието исто така да донесе одлука со која ќе ги именува затоа што никој во законот изрично не кажува, а во другите закони се кажува. Евентуално може да се случи друг орган на извршната власт Претседателот, исто така да помисли дека може директно, затоа што ние очигледно ги толкуваме сосема различно сите овие аспекти.

На крај ќе кажам дека, не можеме да се поведуваме по логиката на Законот за приватизација, на Законот за јавни претпријатија кои во основа ги уредува стопанските дејности во номенклатурата од 01 до 09, а за номенклатурата 10 финансиски институции имаме посебен закон, тоа е Закон за банки и штедилници и кој нема никаква врска со она што го викаме претпријатие или по нашата легислатива трговски друштва, за нив важат други закони како што и за дејностите од 11 до 14 важат Закон за здравство, образование, политички партии, државни органи, алтернативно секој од својата номенклатура.

Мислам дека, исклучиво ќе бидеме во право доколку во ваква констелација во односи на силите во Собранието претставникот на Владата излезе со сопствен амандман, кој во овој

случај ќе биде составен дел на законот дека, претставниците во Собранието на акционерите во име на државата ги предлага Владата, меѓутоа тоа мора да биде составен дел на законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Еве по четврт пат се јавувам за овој мој амандман, но исто така при потпишувањето бев доволно свесен и осознаен да можам истиот и на ваков начин да го бранам. Првенствено, што тука се покрена прашањето за уставноста на овој амандман, Собранието на Република Македонија да може да делегира еве и во вакви институции, свои претставници.

Ако господинот Туше Гошев го елаборираше членот 88 од Уставот на Република Македонија подобро ќе беше прво да сврти некоја страна понапред од Уставот и да го елаборира член 68 каде децидно се набројани ингеренциите на Собранието на Република Македонија, поточно алинеја 16 каде точно се кажува дека Собранието врши избори, именувања и разрешувања и на други носители на јавни и други функции утврдени со Уставот и со закон. Ова е таа форма со закон се дадат такви ингеренции на Собранието да може да делегира така по основ на уставноста мислам дека малку господинот Туше Гошев преурани со своите констатации, но тоа е негово право ако цени дека со овој аргумент сум го разубедил може да стане тука и да каже.

Што се однесува до интенцијата на господинот Поповски, мислам дека тука е суштината на проблемот на овој закон со самиот закон не е дефиниран носителот на Република Македонија во спроведувањето на овој закон. Наш предлог е, односно политичката определба тоа да биде Собранието со оние аргументи кои ги дадовме.

Определбата на Социјалдемократскиот сојуз е тоа да биде Владата. Ние поднесовме амандман за нашиот став. Навистина суштински проблем е за правната, празнина која би се појавила со ваква содржина на законот. Повторувам дека овој закон треба да помине во две фази да се доразработи, има и други малформации кои би требало да се исправат, да не речам испеглаат, така што во рамките на ингеренциите кои ги има претставникот од Владата барам да се прекине со работа по оваа точка во овој момент, да се проанализира овој амандман и останатите како и со овие идеи во дискусиите кои се дадоа за да навистина овој закон што побрзо и што пофункционално влезе во онаа суштина што и самиот министер ја потенцира што побрзо да дојде до стопанските субјекти кои и те како насушно го чекаат овој слободен, да не речам евтин странски капитал за да може истиот да се оплоди во оној из воз и развој кој го бараме сите, но проблемот е во правците како да се дојде до него.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за господинот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Морам сега да го симнам нивото на објаснувањето, инаку не можеме да се разбереме.

Прво, сакам да кажам дека Уставот мора да биде избалансиран и мора да го обезбеди системот на чек баланс или кочница и рамнотежа и дека секоја одлука треба да биде на проверка во рамките на ингеренциите кои ги предвидува Уставот. Ако вие, согласно членот 68 и алинејата каде викате врши избори, именувања и разрешување на други носители на јавни и други функции утврдени со Уставот и со закон ако правите вербална примена на таа одредба од законот, тогаш директно го промашувате Уставот и не ја разбирате ингеренцијата на законодавната функција на државата.

Сакам да кажам дека ако Собранието, сега на најниско ниво би го објаснил, на Република Македонија ги бира членовите на Собранието на банката, објективно ќе се постави прашањето за неуспешноста во работењето. Дали Собранието може да одговора пред Владата заради неуспешно вршење на функцијата и дали тие членови кои се избрани од Собранието, Собранието само ќе одговара за своите постапки само пред себе. Тоа во суштина го руши концептот на чек баланс или кочница и рамнотежа на контрола на властите и оттука се прави разликата на законодавна, извршна и судска власт за која сакате, а ако сакате решението ќе го провериме согласно член 118, каде на Уставниот суд му се дадени ингеренции да даде разграничување на властите кои ги имаме во државата ако сакате и таму ќе покренеме таков спор.

Сакам да ви кажам Собранието во дадениот случај не може за себе да биде судија и кадија. Во исто време да обвинува и да предлага. Не може во исто време да бира свои претставници и само пред себе да си биде одговорно дали некој успешно или неуспешно ја врши функцијата. Оттука ингеренцијата на Владата како извршна власт таа да одговара за

успешно и неуспешно извршување на законите, а Собранието да му создава само нормативни услови во државата за Владата да може да ја контролира во рамките на институциите на системот.

Да се разбереме, мора во дух и содржина да се почитува Уставот, а вербалната примена носи во криво толкување на одредбите и се почесто промашување на правниот поредок кој го имаме во земјата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, очигледно дека прашањето е многу сериозно кога еве час и половина на еден амандман посветивме внимание.

Јас предлагам да прекинеме со работа, да дадеме шанса уште еднаш Владата наспроти овие аргументи и на едните и на другите да го преиспита решението и ако најде подобро решение кое ќе кореспондира со погледите на пратениците кои беа изнесени во дискусијата, да поднесе амандман и утре продолжуваме во 11,00 часот.

Меѓутоа, ги молам навистина шефовите на пратеничките групи, дајте да се организираме уште малку, ни останувaат два месеци до крајот на мандатот, па одговорно да си ја завршиме работата.

(Седницата прекина со работа во 17,20 часот).